МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: **НИКОЛА ДИНЕВСКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М 207005**
МЕНТОР: **ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ГРОЗДАНОВСКА**

Свети Николе, 2021

Краток извадок

Во магистерскиот труд ќе ги прикажеме улогите на тероризмот и организираниот криминал во нашата држава. Организираниот криминал и тероризмот се присутни и во сиромашните и во богатите земји. Тие често претставуваат сериозен проблем, посебено во урбаните средини, кон државата и кон општеството. Различни национални и меѓународни закони се донесени за поефикасна борба против организираниот криминал, како и против тероризмот. Поради многу динамичната и хетерогената природа на организираните криминални групи, справувањето со нив во правните рамки се покажа како предизвик, па дури и деликатна задача. Иако се чини дека може да се направи некаква разлика меѓу организираниот криминал и тероризмот, како и нивното насилство, таква дистинкција е тешко да се направи. Па затоа и законодавачите се определиле за различни приоди.

Клучни зборови: криминал, борба, правни рамки, тероризам

Abstract

In my master's thesis I will present the roles of terrorism and organized crime in our country. Organized crime and terrorism are present in both poor and rich countries. They often pose serious problems, especially in urban areas, to the state and to society. Various national and international laws have been enacted to combat organized crime as well as counter-terrorism. Due to the highly dynamic and heterogeneous nature of organized crime groups, tackling them within the legal framework has proved to be a challenge and even a delicate task. While it may seem that some distinction can be made between organized crime and terrorism as well as their violence, such a distinction is difficult to make. That is why the legislators have opted for different approaches.

Keywords: crime, fight, legal framework, terrorism

СОДРЖИНА:

ВОВЕД……..6

1. Методологија на истражувањето .....…….....…...……..8
2. Проблем, предмет и цел на истражувањето……..…….....8
3. Хипотези на истражувањето…….....10
4. Методи на истражување…….....11
5. Оправданост на истражувањето…….....11

I. ИСТОРИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ 13

1. Симбиоза на организираниот криминал …….....13
2. Појава и развој на Организиран криминал 18
3.Терминолошко определување и дефинирање на организираниот криминал ...23
4. Карактеристики на организираниот криминал 31
5. Меѓународна правна рамка на организираниот криминал 33
6. Меѓународни акти против организираниот криминал во рамки на Европската Унија и Советот на Европа 37
7. Меѓународни документи на ООН 40

II. ТЕРОРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 42

1. Дефиниција и поим за тероризам 42
2. Развојот на меѓународниот тероризам низ историјата 43
3. Потреба од глобална стратегија за борба против тероризмот 45

III. ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ-НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА ОПШТЕСТВАТА ВО ТРАНЗИЦИЈА 49

1. Национална безбедносна закана 49
2. Етапи на организиран криминал 50

IV. ЕТИОЛОГИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ 52

1. Фактори за појава на организираниот криминал во Република Северна Македонија 52

2. Причини за појава организираниот криминал ……....56

V. ВИДОВИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ 63

1. Облици на организиран криминал 63

2. Трговија со луѓе и трговија со деца – облик на организиран криминал stricto sensu 63

3. Недозволена трговија со оружје 64

4. Меѓународни документи на ООН.....65

5. Поимно определување и инкриминирање на злосторничкото здружување..... 67

VI. ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ 69

1. Анализа на истражувањето……..…….69

2. Дискусија.....83

3. Интерпретација на анкетниот прашалникот 83

VII. БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ……85

1. Законски решенија 89

ЗАКЛУЧОК…….....……...91

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…….....…….94

ВОВЕД

Организираниот криминал отсекогаш привлекувал најголемо внимание од сите можни видови криминал. Како главни сторители, односно виновници на крвичните дела кои спаѓаат во областа на организираниот криминал, се јавуваат припадниците на злосторнички здруженија (организирани криминални групи), кои секогаш настојуваат да остварат што поголем профит и моќ, а се застапени сè повеќе и повеќе. Советот на Европа (2002) го дефинира организираниот криминал како незаконски активности извршени од структурирана група од три или повеќе лица која постои за подолг временски период, со цел извршување на сериозен криминал преку зеднички активности со користење на заплашување, насилство, корупција и други средства со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист. Оваа дефиниција не случајно ја одбрав, бидејќи истата не потекнува од закон на некоја држава, но можеби многумина ќе истакнат дека истата недоволно прецизно објаснува што е организиран криминал. Како што организираниот криминал има свои специфики во секоја држава посебно, така и дефинирањето е различно во националните закони, а дефинициите се менувани со тек на годините, како што се менувал и еволуирал и овој вид на криминалитет. За целите на овој труд е важно да се објасни зошто дефинирањето на поимот „организиран криминал“ е предмет на постојани контраверзии и што тоа значи за создавањето на законите и нивното спроведување. Проблемите сврзани со јасното и прецизно дефинирање на оваа појава, произлегуваат, пред сè, од фактот што истата се појавува како негативен продукт на остварувањето на односите помеѓу луѓето во општеството, ја следи динамичноста на развојот на односите во општеството и покажува голема способност за прилагодување на различните општествени услови. Од една страна, поимот се користи за означување на одделни видови на пософистицирани криминални активности, вградени во разни форми во сложени недозволени пазари. Од друга страна, поимот „организиран криминал“ се користи во смисла на криминалните организации, односно организираните криминални групи. Дилемата е и во тоа што, ако „организираниот криминал“ е дефиниран премногу широко, преземените чекори од надлежните државни органи може да бидат неефективни или некомпатибилни со правилата и принципите на правната држава, па дури би можеле да станат и навредливи. Меѓутоа, ако „организираниот криминал“ е дефиниран премногу

тесно, многу важни случувања и настани кои би можеле да бидат откриени, санкционирани и спречени, може да изостанат надвор од опсегот. Во овој магистерски труд се истакнати тешкотите при дефинирањето на поимот организиран криминал, како во националните закони на државите, така и во меѓународното право, и е прикажана неговата посебна етиологија и феноменологија. Да се даде дефиниција за поимот „организиран криминал“ по лично видување беше предизвик и мотив на авторот на овој магистерски труд, но дадената дефиниција не е ново или поинакво дефинирање од веќе познати и јавно објавени дефиниции. Во трудот е прикажана казнено-правната рамка на нашето казнено материјално право и се направени споредби со законите на други држави од светот со цел да се утврди дали истата е доволна за да може ефикасно да се користи во борбата против организираниот криминал и тероризмот, кој постојано се менува во сите можни насоки и што би требало да се направи во законите во иднина за поефикасна борба со овој криминал.

1. Методологија на истражувањето

За самото научно истражување потребно е да се применат соодветни научни методи. Во рамките на овој дел ќе биде направено едно презентирање и претставување на методолошкиот пристап кој ќе биде искористен за изработката на овој магистерски труд. Во овој дел на трудот посебно ќе биде разработен проблемот на научното истражување, предметот на научното истражување, како и целта на научното истражување. Основните категорични концепти на научното истражување се манифестираат преку начините на изработка на трудот, преку оправданоста за изработка на темата, како и соодветното дефинирање на главната, но и на помошната хипотеза на истражувањето. Во борбата против организираниот криминал секаде во светот, па и кај нас, се користат и посебни истражни мерки. Со овие мерки директно се засегаат правата и слободите на човекот, па затоа посебно е важно да се истакне дека за примената на истите треба прецизно и јасно да биде одредено како ќе се спроведуваат за да не дојде до непотребно навлегување во приватноста на граѓаните со следење на комуникациите и непотребно и неосновано прекршување на загарантираните уставни и законски права и слободи што ги имаат граѓаните. Организираниот криминал, поради неговите карактеристики, наложува потреба од негово постојано следење и проучување со соодветни научни методи. Методологијата на истражувањето на појавните форми на организираниот криминал и тероризам се соочува со повеќе проблеми. Во РСМ покрај неоткриениот криминал, и кај голем број дела што влегуваат во „познатиот“ криминал, останува непознато нивното (не)организирано извршување, зашто статистиката едноставно не ги регистрира податоците за заедничко извршување на казнените дела.

2. Проблем, предмет и цел на истражувањето

Проблем на истражувањето

Во рамките на магистерскиот труд детално се согледува организираниот криминал и тероризмот во Република Северна Македонија. Проблемот на истражувањето всушност се поврзува со утврдувањето на причините за функционалноста, односно нефункционалноста на сите државни структури во нашата земја. Науката и научните истражувања имаат и други објективни причини за избегнување на оваа осетлива тема. Организираниот криминал е најнапред тешко податлив за дефинирање и со тоа за делимитирање на предметот на истражување. Нивните појавни форми мутираат, приспособувајќи се на условите на пазарот, на политичките околности и воопшто на состојбите во државата. Заинтересираноста за организираниот криминал во светот е резултат и на тоа што тие сè повеќе и повеќе стануваат транснационални и во некои случаи претставуваат глобална закана. Освен тоа, во деведесеттите години од минатиот и почетокот на дваесет и првиот век постои зголемена софистицираност во извршувањето на кривичните дела, коишто се поврзани со глобалната трговија со дрога, зголемување на криминалот што е поврзан со компјутери и шверцувањето на радиоактивен нуклеарен материјал.

Предмет на истражувањето

Предметот на истражување на магистерскиот труд е организираниот криминал, како еден од софистицираните и современи облици на криминал, но исто така и распространетоста на организираниот криминал на територија на Република Северна Македонија.

Цел на истражувањето

Цел на истражување е со анализа на содржината на законските текстови кои се однесуваат за злосторничкото здружување и организираниот криминал да се направи увид дали правната рамка во РСМ е доволна за да може ефикасно да се користи во борбата против организираниот криминал, кој постојано се менува во сите можни насоки, како и што би требало да се направи со законите во иднина за поефикасна борба со овој криминал. Понатаму, да се види кои се најдобро поставени решенија за поефикасна борба со организираниот криминал и што би требало во иднина да се измени или дополнува во законите. Исто така, целта на овој труд е да се утврди обемот, структура и динамика на организираниот криминал во нашата држава.

3. Хипотези на истражувањето

Главна хипотеза на истражувањето

Во истражувањето тргнавме од хипотезата дека организираниот криминал е присутен во Република Северна Македонија.

Помошни хипотези

- Се претпоставува дека меѓу организираниот криминал и тероризмот постојат голем број сличности.

- Се претпоставува дека испитаниците ќе дадат важни информации во врска со организираниот криминал, кои ќе можат да придонесат за негова превенција и сузбивање.

Сите овие хипотези на истражувањето, главната и помошните, за потребите на трудот треба дополнително да бидат разработени и развиени. Оваа разработка и развивање на хипотезите ќе биде направена во согласност со општите концепции на магистерскиот труд. Ќе бидат искористени неколку индикатори кои треба да овозможат тестирање на вака поставените хипотези на истражувањето.

Така, во оваа смисла ќе биде направено соодветно консултирање на стручна и научна литература која се однесува на потесната проблематика, ќе бидат разгледани регулативите на национално и меѓународно ниво, ќе се разгледаат моделите и механизмите кои се применуваат во практиката, и ќе биде извлечен соодветен теоретски заклучок.

4. Методи на истражување

За изготвувањето на магистерскиот труд ќе бидат искористени неколку научни методи, кои се од помош во оформувањето на методолошките техники на истражување. Ќе бидат искористени такви научни методи кои имаат своја посебност и значење за општествените науки.

Во овој труд е користен методот на теориска анализа и истражувачкиот метод. Своја примена наоѓаат и методите на анализа, синтеза, индукција, дедукција, историски и компаративен метод. Од техниките за истражување е користено анкетирањето. За да се испитаат ставовите на вработените во МВР, одбрани се техниките на анкетирање со кои на систематичен и релативно краткотраен и економичен начин се доаѓа до мислење на испитаниците за оваа појава.[1] Од инструментите е користен анкетниот прашалник, конструиран за потребите на ова истражување, во кој постојат зададени хипотези. Во составувањето на анкетниот прашалник е обратено внимание на тоа прашањата да бидат јасни и недвосмислени, т.е. да бидат прецизно формулирани. Анкетниот прашалник се состои од неколку прашања кои се прилагодени на проблемот на истражување.

[1] Frieder Dünkel, Juvenile Justice in Germany: Between Welfare and Justice, Greifswald, 8.03.2004

5. Оправданост на истражувањето

Овој магистерски труд има јасно поставена научна и истражувачка оправданост.

1.1 Научната оправданост на самото истражување се согледува во потребата од систематизирање на научно-теоретските сознанија за детална состојба и за улогата на организираниот криминал во нашата земја. Дополнително, преку изработката на трудот се очекува да се збогати стручната литература која го разработува прашањето на организиран криминал во нашата земја, а со тоа и ќе се осознаат многу нови активности на сите криминални групи во нашата држава.

1.2 Истражувачката оправданост на магистерскиот труд е тесно поврзана со научната оправданост. Едно вака поставено истражување ќе биде од голема помош на сите институции кои се занимаваат со прашањето за организиран криминал, како во национални рамки, така и во меѓународни рамки. „Организираниот криминал“ е многу значаен термин, којшто стана дел од речникот на многу политичари, а исто така и на поширокатa јавност. Тој често се применува без јасна референтна точка и всушност е многу неодреден и нејасен. Овој недостаток на јасност, исто така, влијае на релевантните академски дебати.[2]

[2] International review of the Red Cross, Organised crime and gang violence in national and international law, Pierre Hauck and Sven Peterke, volume 92 number 878, June 2010.

ГЛАВА 1

ИСТОРИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

1. Симбиоза на организираниот криминал

Пред падот на ерата на „Студената војна“ терористичките организации во голема мера беа спонзорирани од некои држави, а нивните терористички активности се вклопуваа во остварување на нивните стратегиско-политички цели. Но, со падот на „железната завеса“ се намали бројот на држави спонзори на терористичките активности. Терористичките организации, на самиот почеток, доколку не се формирани, потпомогнати или поврзани со безбедносните структури, обично разузнавачките агенции на странските држави, а со цел обезбедување финансиски средства за купување оружје, експлозив, современи средства за комуникација, како и обезбедување друга логистичка поддршка за спроведување на своите активности и своја заштита, се трудат нив да ги обезбедат преку извршување на низа криминални активности кои носат голем профит. Од тие причини, терористичките организации мораа да пронајдат сопствени извори на приходи и финансирање на активностите, односно сè повеќе да се занимаваат и со криминални активности. Денес тероризмот се финансира од легални и нелегални криминални извори. Познатите легални извори се: фондовите на некои невладини организации, трговски фирми, едноставното собирање на парични средства одејќи од врата на врата, собирање средства од локалните институции, собрани парични средства од одржани културни и добротворни манифестации, инвестирање во акции и недвижности, разни донации од богати луѓе, донации од државни институции и слично. Но, постојат и нелегални, или криминални извори на финансирање исти како и кај организираниот криминал, што укажува на нивната симбиоза. Такви извори на финансирање се: недозволената трговија со дрога, оружје, цигари, злато и драги камења, недозволената трговија со луѓе и човечки органи, киднапирањата, уцените и изнудите, вооружените грабежи на банки и други финансиски институции, перењето пари, фалсификувањето пари, финансиските измами, пиратеријата, кражбите на интелектуална сопственост и слично. Според едни размислувања, заедничко за структурите на организираниот криминал и терористичките организации е тоа што тие своите активности ги изведуваат плански, додека разликата меѓу нив ја наоѓаме во мотивите. Така, додека за

криминалните структури основниот мотив и цел е стекнувањето профит и моќ, сигурна средина, како и создавање ситуација државата да го помага, за терористите основните мотиви и цели се комплементарни со нивната политичката определба, а тоа е рушење на актуелната власт и заземање на нејзиното место со востановување на нови државни институции. Иако организираниот криминал и тероризмот на прв поглед имаат различни цели, во првиот случај тоа е профитот, а во вториот тоа е влијанието на политичките токови, слободно може да кажеме дека станува збор за негативни појави кои во праксата некогаш тешко се одвојуваат. Нивните цели се испреплетуваат од причини што организираниот криминал се бори за политичка моќ поради постигнување на профит, а терористите се баваат со криминал заради обезбедување на пари за спроведување на своите политички проекти. Криминалните структури на организираниот криминал се поврзуваат со терористичките организации и стануваат финансиери на терористичките напади. На овој начин се воспоставува врската помеѓу парите и насилството, што во современите општества претставува идеална комбинација за исполнување на различните екстремни цели. Врската помеѓу тероризмот и организираниот криминал денес станува сè поцврста, особено со криминалните структури кои се непосредно инволвирани во недозволената трговија со дрога, оружје и експлозивни материи, иако нивната примарна цел не е остварување на политички цели. Но и обратно, организираниот криминал за остварување на своите цели, особено во деведесеттите години на минатиот век ја користеше терористичката тактика на употреба на бруталност и насилство, испраќајќи им на властите јасна порака дека ќе направат сè за да ги поткопаат и спречат сите дејствија и мерки на безбедносните структури, задолжени за неговото спречување. Терористичката организација според својата структура претставува хиерархиски цврсто поставена организација со водач, која по многу елементи е слична на хиерархиската структура на организираните криминални структури, но со помал број на членови и со одредена општествена поддршка. Заради ова, може да зборуваме дека станува збор за добро организирана криминална организација за вршење на терористички активности. Допирните точки помеѓу организираниот криминал и тероризмот се гледаат и преку разните видови на недозволена трговија со дрога, оружје, луѓе, фалсификување и перење пари, а сè со цел финансирање на терористичките активности. Во овој контекст, не смее да се испушти од вид и можноста дека организираниот криминал, особено оној со цврста хиерархиска структура, за остварување

на своите цели, како и за самозаштита, во поедини ситуации да употреби и терористички методи на дејствување, што укажува на заемна поврзаност на меѓународниот организиран криминал и тероризмот. Постојат разновидни облици на тероризам и организиран криминал, кои во одредени фази на својот развој се наоѓаат во причинско-последични односи, со оглед на тоа што тероризмот ги условува и подобрува одредените облици на криминално дејствување, кои пак имаат повратно дејство на севкупната терористичка активност, од причини што се вршат со цел да ги овозможат понатамошните терористички активности. Но, постојат и размислувања дека меѓу организираниот криминал и тероризмот има значајна разлика, која се огледа во тоа што организираниот криминал е ориентиран првенствено кон стекнување профит и не е заинтересиран за уривање влади, или слабеење на државата на економски и политички план, туку претпочита напредна економија за да би ја одржувал својата егзистенција на паразитски начин, а што не е случај кај тероризмот. Насилството кое го користи организираниот криминал не е наменето за предизвикување на последици, особено не психолошки, надвор од самиот криминален чин. Припадниците на структурите на организираниот криминал едноставно сакаат само да се стекнат со нешто што не им припаѓа и да побегнат, а притоа да не бидат забележани од никого. Согласно ова, криминалните структури, за разлика од терористичките, не се заинтересирани за тоа какви последици во јавноста ќе предизвика нивниот криминален акт и за тоа што тие немаат политички карактер. Кога зборуваме за средствата и примената на приоритетните методи и начини за остварување на поставените цели и кај двата облика на криминално дејствување, можеме да кажеме дека постојат одредени разлики. Имено, при остварување на своите цели, доколку успеат со методот на корумпирање, или методот на уцена, изнуда или некој друг пософистициран метод на притисок, структурите на организираниот криминал се откажуваат од употребата на насилство. За разлика од организираниот криминал, тероризмот за остварување на своите цели, без исклучок, користи насилство изразено преку свирепи, брутални и нехумани методи и постапки. Сепак, денес утврдените разлики помеѓу тероризмот и организираниот криминал исчезнуваат со голема брзина. Така, поголемиот број на терористички и криминални структури наоѓаат своја поддршка во иста глобална инфраструктура, ги искористуваат истите слабости на власта во областа на безбедноста и се стремат кон зголемување на своето богатство како резултат на криминалните активности. Независно дали извршителите се изнајмени од страна на нарко-картелите или вршат

киднапирања, во спроведеното насилство тие се водат од ист мотив, а тоа е да го заработат својот дел од профитот. Симбиозата на организираниот криминал и тероризмот се исполува преку два облика, првиот кога самата терористичка активност претставува облик на организиран криминал, и вториот облик, кој се манифестира преку вршење на повеќе сериозни кривични дела од страна на терористичките организации, најчесто заради самофинансирање, или остварување на одредени политички цели. Постојат и ситуации кога тероризмот се поистоветува со некој од облиците на организиран криминал во рамките на една држава. Тоа се случува кога терористичките организации се под патронат на некоја од легалните политички партии, кога силно се изразени спротивставените политички и економски интереси, кога не постои можност за освојување на власта по легален пат и кога одредени нивни интереси се базираат на иредентистичките и сепаратистичките тенденции и барања. Но, сепак, ваквата терористичка активност, под покровителство на политичките партии, не може да опстане во државата доколку не е под политичка и економска заштита и поддршка од некоја странска земја, која на овој начин се обидува да ги оствари своите политички цели. Од овие причини тероризмот, исто како и организираниот криминал, има меѓународен карактер, кој се огледа преку поврзувањето на терористичките организации со странски држави и нивните безбедносни структури, со цел добивање на логистичка поддршка за изведување на терористички акции, но надвор од државата давател на поддршката. Меѓународниот карактер и на двете криминални активности е поддржан од широката употреба на интернетот, како и од користењето на најновите видови на телекомуникациски врски. Така според Шели, информатичката технологија денес е централен елемент во извршување на своите криминални активности на организираниот криминал и тероризмот. Во врска со прашањето на симбиозата на организираниот криминал, денес сепак постојат неколку дилеми. Имено, постојат различни мислења и дилеми за тоа дали тероризмот може да биде еден од облиците на организиран криминал, каде покрај постоењето на криминална организација, остварување материјална добивка, разни бенефити и политички цели, воспоставена е и тесна врска со дел од владините органи на поедини држави. Вака гледано, тероризмот како облик на организиран криминал нема основа, ниту логика, од причини што ниту една правна држава, ниту нејзините државни органи нема да стапат во близок „деловен“ однос со терористичките организации, ниту ќе им дадат логистичка поддршка, за тие на територииите на сопствените држави да ги

изведуваат терористичките активности и би ги загрозиле нивното уставно уредување и националната безбедност. [3] Но, доколку се работи за случаи кога планираните терористички активности се насочени кон други држави, тогаш може да зборуваме за заеднички интерес на организираниот криминал и терористите, пред сè политички и економски.

Во врска со оваа симбиоза, кај Арнаудовски се јавуваат дилеми во неколку правци и тоа: дали организираниот криминал е средство и метод на дејствување на терористичките групи за стекнување на високи профити наменети за купување на оружје и други средства кои се неопходни за реализирање на терористичките акции, потоа дали организираниот криминал претставува параван зад кој се крие тероризмот и дали тероризмот и организираниот криминал одат заедно и паралелно со терористичките активности. Кај секој терорист, или терористичка група не постои отсуство на желба за збогатување, стекнување на материјални добра и богатство што ги обезбедуваат преку активностите на организираниот криминал, а согласно тоа и стекнување со моќ, сила и власт. Според Рос, терористите ги користат криминалните организации, односно нивните криминални активности за постигнување на политички цели. Како резултат на криминалните активности, терористите сè почесто се под опсервација на органите за кривичен прогон, и покрај тоа што нивната примарна цел не е вршење на кривични дела. Значи, иако тероризмот е политичка активност која може да ја загрози безбедноста на државите на меѓународно ниво, криминалниот аспект на терористичките операции и организации ги доведува во контакт со кривично-правниот систем. Па оттука, Рое ја поставува дилемата дали со тероризмот треба да се справува кривично-правниот систем на државата или безбедносните институции на државната безбедност. По ова прашање голем број држави сè уште немаат одговор на оваа дилема, па така, тероризмот се третира различно од држава до држава, како и од државните субјектите задолжени за негово спречување. На крајот, сепак преовладуваат научните размислувања дека постоењето на симбиоза помеѓу меѓународните терористички организиации и меѓународниот организиран криминал, денес претставува една од најсериозните закани по безбедноста на современите држави. Во ерата на глобализација, терористичките и криминалните структури се потпираат на глобалниот

[3] Schweitzer E. Glenn. A Faceless Enemy „The origins of modem terrorism“ Cambridge, Massachusetts: Perseus Publishing, 2002

транспорт, глобалните комуникациски системи и глобалната финансиска инфраструктура. Пример за најочигледна симбиоза помеѓу тероризмот и организираниот криминал денес е во регионите на Централна, Јужна и Југоисточна Азија, како и во Јужна Америка, каде парите од недозволената трговија со дрога се користат за финансирање на терористичките активности. Во литературата оваа симбиоза е позната под името „наркотероризам“.

2. Појава и развој на организиран криминал

Појавата и развојот на организираниот криминал претставуваат сложен социо-политички и безбедносен процес, поврзан со процесот на радикалните промени во една држава, со далекусежна редистрибуција на националното богатство, корупцијата, како и со појава на „сивата економија“ и „црниот пазар“, кои егзистираат паралелно со нејзината легална економија и стопанство. Кривичните дела кои се карактеристични за организираниот криминал, во основа се поделени на два основни облика и тоа: кога кривично дело претставува самото формирање на криминалната структура (криминална група или криминална мрежа), или според Кривичниот Законик на РМ, злосторничко здружение (чл. 394) и вториот облик кој претставува збир на кривични дела кои ги извршуваат припадниците на криминалните структури, со јасни цели заради кои овие структури на организираниот криминал и се формирале. Така, со извршување на кривичните дела директно се остварува криминален профит кој заедно со стекнувањето моќ, се едни од основните цели на организираниот криминал. Со извршување на кривичните дела се создаваат услови за опстанок и ширење на организираната криминална структура, или пак со примена на коруптивните методи се докажува нејзината „неранливост“ и се овозможуваат активности врзани за извршување на други облици на организиран криминал . Со завршување на „Студената војна“, а под влијание на новите општествени токови, организираниот криминал стана приоритетна закана за националната безбедност на државите на глобално ниво. Тој влијае на претходно избрана група на финансиски институции, или регионални области, но има влијание и врз националните и меѓународните финансиско-економски мрежи. Тој претставува динамична и лесно прилагодлива општествено негативна појава, препознатлива преку перманентна појава на нови појавни облици што го прави сложен за препознавање и откривање, па со самото тоа и тежок за спречување. Така, Шкулиќ организираниот криминал го споредува со античкото

чудовиште Лернејска Хидра, на која секогаш кога големиот јунак Херакле би ѝ ја отсекол главата, веднаш би ѝ пораснале две нови. Организираниот криминал и наликува на Хидра. Имено, тој е со многу глави, жилав, саморегенерирачки, па се чини дека државите одамна се откажале од илузијата дека оваа негативна појава може да се искорени. Така единствено достижна цел која властите на модерните држави може да ја постигнат е ова т.н. чудовиште да го држат под контрола. Италијанскиот криминолог Сантино, вели дека организираниот криминал делува како канцер, не можеш да го видиш и почувствуваш со сетилата, но опасноста расте и може да го загрози целото општество. Опасноста расте постепено, но константно и кога еднаш ќе го осознаеме симптомот, обично ќе биде доцна за преземање мерки за лекување. Така и одбраната од нападот на организираниот криминал е многу тешка да во некои моменти ни изгледа и безнадежна.[4] Организираниот криминал, се прошири со интернационализација на капитализмот и со растот на глобалната трговија, а неговите активности меѓудругото станаа и еден вид на „производен криминал“.[5] Во државите каде организираниот криминал се извршува налик на корпоративна и високо профитна стопанска дејност, имаме ситуација на судир на две структури, криминална и државна, од кои криминалната структура понекогаш може да биде со иста силина, а во некои случаи и посилна од државната. Така, во време на општествени и економски кризи во државите, организираниот криминал станува посебно агресивен и настојува да ја заземе и замени државната власт, или во најмала мера настојува со неа да биде рамноправен партнер. На глобално ниво тој егзистира и работи под плаштот на фирми, или корпорации кои се вклучени во сите карактеристични облици на недозволено однесување, кои обезбедуваат нелегални стоки и услуги стекнати со нелегални средства и на нелегален начин и кои ангажираат голем број „работници“. Покрај произведување и пласирање на пазарот на нелегални производи и услуги, структурите на организиран криминал произведуваат и пласираат и легални производи и услуги, а за непречено одвивање на овие активности настојува да обезбеди заштита од некои државни структури, или нејзини поединци. Ова поимање на организираниот криминал е производ на многу научни студии кои го потврдуваат гореискажаното, дека за неговото постоење потребно е да бидат задоволени неколку фактори, како што се експлоатација на пазарот и соработка на дел од државните и

[4] Шкулић М. „Организовани криминалитет“ (појам и кривичнопроцесни аспекти), Досије, Београд, 2003
[5] Santino U „Law Enforcement in Italy and Europe against Mafia and Organized Crime“, Yokohama, 1996

политичките структури од власта со криминалните структури кои ги штитат и ги помагаат нивните криминални активности. Заради непречено остварување на своите цели, структурите на организиран криминал настојуваат да ја ослабат и неутрализираат државата и нејзините институции до тоа ниво кога таа нема да биде способна да функционира и прават сè ваквата состојба да потрае што подолго. Според Мијалковски,[6] структурите на организиран криминал ја остариле својата цел, дури и во случај да „освоиле“ само една област од општествениот живот, или само една државна институција доколку државата не е способна, или не покажува одлучност да спречи некој од облиците на организиран криминал. Во случајов станува збор за слаба или неуспешна држава, од причини што организираниот криминал ќе се обиде постигнатиот тактички успех да го издигне на стратегиско ниво, односно да ги „покрие“ или да ги стави под своја контрола и другите сфери во државата. Тоа би значело дека организираните криминални структури ќе тежнеат да создадат оптимално слаба држава, а нивните апетити би оделе и до таму да се обидат да создадат сопствена криминална држава. Организираниот криминал нема некој посебен идеолошки предзнак, но стекнувањето пари и моќ, меѓудругото, е и со цел добивање на поголема поддршка од политиката, заради заштита од полициски и судски прогон. Овие структури никогаш јавно не ги покажуваат своите политички амбиции, туку се задоволуваат со корумпирање на јавната администрација и политичарите, со чија помош ги спроведуваат своите зацртани криминални активности. Преку нелегалните активности структурите на организираниот криминал станаа главни „играчи“ во нелегалните индустрии, недозволеното производство и трговија со дрога, трговијата со луѓе, или проституцијата, при што заработуваат пари поголеми од бруто-националниот производ на некои од државите од регионот на Југоисточна Европа. Разновидноста на криминалните активности и локациите каде тие се изведуваат, им обезбедуваат средства за поефикасно прилагодување на состојбите во државите, како и за откривање и злоупотреба на пропустите во меѓународната соработка на безбедносните структури при преземањето на активностите кои се насочени кон нив.

[6] Mijalkovski M. „Organizovani kriminal - najopasniji oblik ugrožavanja bezbednosti države“, Revija za bezbednost, br.12/08, Centar za bezbednosne studije, Beograd, 2008

Ако се тргне од историската димензија на изучувањето и објаснувањето на организираниот криминал, потребно е да се истакне дека тој егзистира подолг временски период, а во зависност од развојот и карактерот на општествените и економските односи ги менува и своите појавни облици. За првпат меѓународната заедница го третира организираниот криминал како меѓународен, како и неговите штетни последици по државите на 5-от Конгрес на ООН во 1975 година, одржан во Женева, на тема „Превенција на криминалот и третман на престапниците“. Во тој контекст, тогаш терминот меѓународен организиран криминал, како една од најсериозните невоени закани за современите држави, бил употребен повеќе за негово објаснување од криминолошки аспект, отколку од правен, во делот каде се објаснувала врската на криминалот на „белите јаки“ и корупцијата. Основната теза била дека постојат одредени криминални структури, кои имаат иста или слична цел како и останатите меѓународни актери, како на пример, големите мултинационални компании. Оваа цел се огледала во максималното зголемување на слободата на акции, или дејствија и во истовременото намалување на ефектите на националната и меѓународната контрола на границите, со цел да се намали ризикот, а да се зголемат нелегалните профити и да се создадат нови пазари.[7] Добрата подлога за создавање и развој на организираниот криминал ја чинат несредените општества, т.н. држави со многу нерешени внатрешни, но и надворешни проблеми, посебно онаму каде што до израз доаѓа економската криза, а согласно тоа, таму каде таа постои неизбежно е и постоењето на кризата на владеење. Сето ова државите ги прави помалку отпорни на појавата на дејствување на организираниот криминал, кој преку нелегалните активности многу брзо доаѓа до голем незаконски профит. Така, тој се етаблира во оние стопански области каде постојат одлични услови за стекнување на висок профит за многу краток период, како на пример, легалната трговија со оружје и нуклеарни материи, но и во општествено опасните активности, како на пример, нелегалната трговија со дрога, оружје и експлозив, трговијата и нелегалното складирање на нуклеарен отпад, нелегалната трговија со акцизна стока, како што се: цигарите, алкохолот, нафтата и нафтените деривати, нелегалната трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Стекнатите пари од овие недозволени и нелегални активности, организираниот криминал ги вградува во легалните бизниси, со што го поткопуваат

[7] Massari M. „Transnational organized crime between myth and reality: The social construction of a threat“, In Organized Crime and the Challenge to Democracy, ed.Allum,F. and Siebert, R. New York, London: Routledge. 2008

фискалниот и банкарскиот систем на државите, но учествува и во финансирање на тероризмот, што претставува особена опасност за современите општества. Во услови на недоизградени државни институции и несредени односи во државите, вака незаконски стекнатиот профит криминалните структури често успеваат да го легализираат, а нивните водачи успеваат да се стекнат и со општествен углед во државите, кој пак од друга страна им овозможува речиси непречено „перење“ на криминално стекнатите или „валкани“ пари.

Општествената опасност од организираниот криминал претставува последица од неколкуте негови карактеристики, кои битно го разликуваат од т.н. класичен криминал. Тоа се: високиот степен на организираност на членството, големата желба за пари и моќ, како и меѓународната компонента која не признава државни граници и национален суверенитет. Основните заканувачки аспекти од организираниот криминал се: првиот аспект се огромните пречки во спречување и уништувањето на криминалните структури, нивните меѓународни димензии и влијание, и вториот аспект, нивото на нивната инфилтрација во економијата и општеството воопшто. Првиот аспект им дава имунитет и вечност на криминалните структури, додека вториот аспект ги прави измешани со легалниот свет, влијаејќи негативно врз волјата и подготвеноста на државите да ги спречат и уништат. Колку овие структури се повеќе етаблирани во општеството, толку повеќе стануваат респектабилни, со што станува сè потешко нивните членови да се изведат пред лицето на правдата. Ситуацијата со организираниот криминал во државите од Југоисточна Европа и денес не е изменета на подобро, што се гледа од последниот Извештај на Европол за регионот на Југоисточна Европа, во кој се зборува за најголема експанзија на организираниот криминал во последните години, како резултат на зголемената недозволена трговија преку Црното Море, ширењето на бројни балкански правци за транзит на нелегална стока, посебно дрогата, за и од државите на Европската Унија, како и заради зголемениот пораст на нелегалната миграција преку Република Грција. Меѓународните криминални структури од Косово, Македонија и Албанија стануваат сè поактивни, а дел од нив добиваат поддршка од вооружени групации, како на пример, од остатоците од поранешната ОВК на Косово. И понатаму хероинот кој доаѓа од Турција транзитира преку овие држави, а заедно со марихуаната, која се одгледува во регионот, завршуваат на нарко пазарот во државите на ЕУ. За одбележување се зголемените активности на недозволената

трговија со кокаин, кој од некои од државите на Јужна Америка, преку пристаништата на Јадранското и Црното Море и користејќи ги веќе постојните нелегални канали, пристигнува на пазарот на западноевропските држави.[8] Новина е формирање на нови транзитни точки, посебно во Унгарија, каде се спојуваат неколкуте нелегални канали на дрога кои водат од Балканот и Црното Море, каде таа се препакува на патот кон западноевропските држави.

3. Терминолошко определување и дефинирање на организираниот криминал

Дефинирањето на поимот организиран криминал претставува еден од најконтраверзните поими на денешницата, кој е базиран врз основа на различните пристапи, големата спротивставеност на мислења за факторите за неговата појава, неговото постоење, развој, обем и секако неговите појавни облици.

Дефинирањето на организираниот криминал како општествено негативна појава е сложено и од причина што неговата нелегална активност во многу случаи се испреплетува со некои легални активности. Организираниот криминал се поврзува со легалните активности со цел да ја прикрие криминалната трага и да го зачува стекнатиот профит на криминален начин. Тешкотиите во неговото дефинирање од една страна произлегуваат од неговите карактеристики кои се однесуваат на ексклузивитетот на членување и дискрецијата во неговите активности, од неспремноста на сведоците и оштетените да го потврдат постоењето на криминалната организација и сл. и од друга страна, од напорите на државните структури кои се спротивставуваат на криминалитетот да ја покажат својата успешност, односно да го негираат постоењето на организација која на одредено подрачје го загрозува, или нарушува „монополот“ на државниот апарат во креирање на правилата на однесување и санкционирање на оние кои тие правила ги кршат.[9]

Друга тешкотија околу постоењето на вистинска дефиниција на овој криминолошки феномен е од причина што неговото постоење може да се докаже дури тогаш кога

[8] EU Organised Crime Threat Assessment, OCTA (2011). Analysis & Knowledge, File no. 2530-274, Hague, 28.04.2011
[9] Шкулић М. Организовани криминалитет-Појам и кривичнопроцесни аспекти, Досије, Београд, 2003

полициските и правосудните структури ќе го препознаат организираниот криминал, ќе го докажат и со правосилна пресуда ќе го потврдат, а за што во реалноста постојат малку такви случаи. Затоа на почетокот на одредена криминалистичка обработка на некој криминален случај или настан е тешко, а и ризично да се постави цврста дијагноза за постоење или непостоење на организиран криминал.[10]

ФБИ (Федерално Истражно Биро) од САД широко го дефинира организираниот криминал како „која било група која има на некој начин формализирана структура и чија примарна цел е да се здобие со пари преку нелегални активности“.

Според дефиницијата усвоена од Генералното собрание на Интерпол во 1998 година, „кое било здружение или група на лица инволвирани во постојана нелегална активност со примарна цел генерирање на профит, без оглед на националните граници, претставува организиран криминал“.

Најширока дефиниција за организираниот криминал е онаа на ООН, која предвидува дека за криминална група може да се смета и онаа која е составена само од двајца извршители (за разлика од Кривичниот Законик на РМ кој предвидува постоење на група, доколку таа е составена од најмалку три извршители), а структурата на таквата криминална група ја остава отворена, така што таа може да биде и неформална (лабава криминална мрежа) и строго хиерархиска. Според оваа дефиниција, и двајца извршители можат да ја сочинуваат организираната криминална група, доколку ги исполнуваат и другите услови за постоење организиран криминал и доколку извршиле сериозно кривично дело.

Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ООН од 2000 година (UNTOC), донесена во Палермо, Италија, ја дефинира организираната криминална група како „структурирана група од три или повеќе лица, која егзистира одреден период на време и делува во согласност со целта на извршување на едно, или повеќе сериозни

[10] Sačić Ž. Organizirani kriminal-metode suzbijanja, Informator, Zagreb, 2001

криминални дела, или прекршоци.... за да се здобијат директно или индиректно со финансиска, или друга материјална корист“.

Во раните 80-ти години кога започна, најпрвин срамежливо, да се зборува за постоење на организиран криминал во Европа, се јави потребата за изнаоѓање на конзистентни пристапи за негово дефинирање. Така, Министерството за внатрешни работи на Кралството Велика Британија организираниот криминал го дефинира како учество на група лица вклучени во продолжени илегални активности со приоритет стекнување профит, назависно од државните граници. Владата на Кралството Белгија, во својот извештај од 1997 година, организираниот криминал го дефинира како продолжено извршување на потешки кривични дела со цел стекнување профит, или моќ од страна на повеќе од две лица, кои делуваат неопределено време, со јасна поделба на задачите, притоа користејќи определени легални трговски структури, или применувајќи насилство и други средства на присила и закана, или вршејќи влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, судството, или врз економијата.[11]

Германското Министерство за правда и Министерството за полиција (1988) ја префериираат дефиниција за организиран криминал во која се вели дека тој претставува планско извршување кривични дела со цел стекнување профит или моќ, доколку заедно делуваат повеќе од двајца извршители, вршејќи поделба на работата со индустриските или деловно-техничките структури, со користење насилство, или други средства за присила и заплашување, или со влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството и економијата. Според германскиот автор Фајфер, организираниот криминал претставува планско извршување на кривичните дела со цел остварување добивка или моќ. За да се постигне ова, потребно е запазување на принципите на поделба на работните задачи во самата криминална структура на неодредено време, со учество на повеќе од двајца сторители, притоа користејќи ги специјализираните вештини, или легалните структури, или преку употребата на насилство и други средства за присилба и заплашување, или пак добивката и моќта да ја стекнуваат со поддршка на политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството или економијата во државата. Кустер

[11] Article 2(a), UN Convention against Transnational Organized Crime, 2000

го дефинира организираниот криминал како планирано кршење на законот со цел стекнување на профит или моќ, преку извршување кривични дела со поголема општествена опасност, од страна на повеќе од двајца сторители кои меѓусебно соработуваат во поделбата на задачите за подолг, или неопределен временски период, притоа користејќи легални, или нелегални комерцијални структури, насилство, или други средства на присила и закана, влијание врз политиката, медиумите, јавната администрација, правосудството, или врз економијата во државата.

Некои теоретичари од Европа, истражувајќи го професионалниот и организираниот криминал, дошле до заклучок дека станува збор за еден „организам“ кој се именува како „Verbrechensindustrie“ или во превод „криминална индустрија“, која може да се разгледува како посебна врста на општествено и криминално однесување, кое се одликува со планирање на стопанските и со контролирање на криминалните активности.

Според Скалфани, организираниот криминал го карактеризира извршување на масовни криминални активности од страна на стабилни и добро организирани криминални структури, кои своите криминални активности ги извршуваат на високо професионален начин, притоа создавајќи систем на самозаштита од општествена контрола со разновидни средства, најчесто преку корупција. Неколку специфичности на организираниот криминал издвојува и Савона, како што се организираност и кооперативност на повеќе сторители, при што го користат насилството и корупцијата со цел полесно остварување на нивните активности и неговата меѓународната димензија, при што криминалните организации се стремат кон одомаќинување на подрачјето каде што ризикот од кривично гонење е помал и кон прикривање на нивните криминални активности преку легални фирми, а со единствена цел остварување профит.

Истовремено во почетокот на деведесеттите години од минатиот век во државите од Југоисточна Европа, посебно во оние од Балканот, се јавија првите сомневања и јавни признанија за постоење на организираниот криминал.[12] Од тие причини се јави потребата од негово дефинирање со цел разбирање на неговата етиологија, утврдување на факторите

[12] Ernesto Savona, Organized crime Across the Borders, Preliminary Results, HEUNI Papers No 6, Helsinki, 1995

за негова појава, неговото влијание врз севкупниот општествено-политички, социјален, економски и културен живот и развој на државите од овој регион. Така, Министерството за внатрешни работи, заедно со Министерството за правда на Република Хрватска и Хрватската академска заедница, од 1997 година ја користат работната дефиниција, во која се вели дека организираниот криминал опфаќа системско планирани, подготвувани и со поделба на улогите извршени казнени дела, кои ги извршуваат сторители здружени во злосторничка организација со трајно дејствување, со употреба на заплашување, насилство, или корупција, без оглед на државните граници, со цел стекнување финансиска добивка или општествена моќ.

Хрватскиот автор Сачиќ, активностите на организираниот криминал ги дефинира како систематски подготвувани, плански и професионално извршени кривични дела, со јасна поделба на задачите, кои ги извршуваат најмалку три меѓусебно поврзани сторители, чија цел е стекнување и зголемување на финансиската корист и општествената моќ, преку тајно, трајно и заедничко дејствување на членовите без почитување на меѓународните граници, со примена на насилство, заплашување, или корупција, заради обезбедување на својот илегален опстанок, односно развој на криминалната дејност.

Теоретичарот од Словенија, Добовшек, организираниот криминал го дефинира како спроведена дејност на злосторничко здружение кое користи насилство, или корупција за стекнување на имотна корист, или стекнување општествена моќ. Според авторот од Србија, Бошковиќ, поимот организиран криминал опфаќа организирано криминално дејствување со цел стекнување противправна имотна корист и остварување профит, но тука се подразбираат и оние облици на организирано криминално дејствување кога криминалната организација успеала да воспостави определени врски со државата и со нејзините органи.

Бошковиќ, организираниот криминал го дефинира како активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархија, дисциплина, одговорност, лојалност и поделба на задачите, чијашто цел е остварување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнатиот имот, благодарение на достигнатиот степен на општествен углед, благодарение на етаблираноста во структурите на власта, или

благодарение на воспоставените врски со органите на државата, легалните стопански субјекти и влијателните политички партии и влијателни личности.[13]

Според Шкулиќ, организираниот криминал е појава која се состои во вршење на кривични дела од страна на организирано криминално здружение. Овде основното што се дефинира е организираното злосторничко здружение, т.н. криминална група или организација, а сите дела кои се вршат во рамките на тоа криминално здружение се дела од областа на организираниот криминал.

Друг српски автор, Игњатовиќ, организираниот криминал го дефинира како вид на имотен криминал што се карактеризира со постоење на криминална организација која врши континуирана стопанска дејност, притоа користејќи насилство и корупција над носителите на власта.

Грчкиот автор Куракис, вели дека организираниот криминал е систематско вршење на криминална активност од страна на структуриран тим на криминалци, кој користи корупција и насилство со цел остварување на поставените криминални цели.

Во Република Македонија, со научното истражување и дефинирање на организираниот криминал се занимавале одреден број на научни работници, а нивните размислувања даваат голем придонес во разбирањето и објаснувањето на неговата етиологијата и феноменологијата на светско рамниште. Подолг период поимот организиран криминал во Македонија беше еден од најконтраверзните и не беше конкретно дефиниран во националното законодавство. Од таа причина, во препознавањето, евидентирањето, документирањето и анализите на оваа современа невоена закана како основа се прифатени меѓународно признаените критериуми за препознавање на елементите кои се составен дел на етиологијата и феноменологијата на организираните криминални структури и нивното делување. Традиционалната дефиниција за организиран криминал, а која се однесува на строго поставените хиерархиски структури зборува за група криминалци со јасно дефинирана „организациона“ структура.

[13] Бошковић М., Организовани криминалитет (први део), Београд, 1998

Во изнаоѓањето на сеопшто прифатлива дефиниција за организираниот криминал, според одредени размислувања, постојат одредени пречки кои се огледаат, прво во постоењето на реална опасност елементите кои го карактеризираат организираниот криминал да се однесуваат и на вообичаените кривични дела, со што би се изгубила разликата во значењето помеѓу организираниот и некои други видови криминал, и второ, во постоењето на основниот проблем кога со прифаќањето на дефиницијата за организиран криминал се намалува можноста за целосно осознавање на проблемот, од причини што секојдневно се менува морфологијата на организираниот криминал, пред сè преку неговите нови појавни облици.[14] На овој начин веќе постојните дефиниции за организиран криминал не даваат доволно широка рамка за репресивно дејствување на безбедносните структури на државите.

Согласно карактеристиките на криминалната структура и на организираниот криминал и согласно градењето на единствениот пристап за борба против овој вид криминал, заснован врз Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал и Протоколите од Палермо од 2000 година, во Законот за Јавно обвинителство на Република Северна Македонија, донесен во јуни 2004 година, во членот 29 објаснети се кривичните дела кои ќе се сметаат за дела на организиран криминал. Имено, тоа се: делата извршени од организирана група од најмалку три лица, која дејствува одреден период со цел да оствари непосредна, или посредна финансиска корист и друг вид материјална корист и која ќе изврши едно, или повеќе кривични дела, како и други кривични дела за кои со Закон е пропишана казна затвор во траење од најмалку четири години.

Арнаудовски, поимот организиран криминал го дефинира како извршување на кривични дела од страна на трајна централизирана криминална организација со хиерархиска поставеност, со внатрешна поделба на работите, со планско и систематско занимавање со криминал, постоење на конспиративност и затвореност, внатрешна дисциплина, развиен систем на јатаци, висок степен на покорност и верност, инфилтрирање во државните и стопанските институции и политичките партии до создавање на „персонална унија“, со цел воспоставување монопол врз криминалната „бранша“,

[14] Шкулиќ М., Организовани криминалитет - појам и кривично-процесни аспекти, Београд, 2003

интернационализација и користење на современите средства на комуникација и на мобилност.

Камбовски вели дека организираниот криминал е феномен во кој постои „нешто“ што е идентично со другите облици на криминална активност, но е сепак различно од нив, според начинот на извршување, заедничкото дејствување на повеќе извршители, остварувањето на криминалниот резултат, прикривањето на самите криминални активности итн. итн. и дека тоа „нешто“ заплашува со својата експанзивна и мутантна моќ. Тој, активностите на организираниот криминал ги дефинира како извршување на казнени дела од страна на злосторничко здружение заради остварување профит и моќ, со употреба на насилство, или со искористување на посебната општествена положба, со намалување на ризикот преку вклучување во легалните економски, политички и други активности и со однапред создаден систем на заштита од гонење. Оваа дефиниција авторот ја проширува и ја надополнува во нејзиниот втор дел и тоа со нови елементи, како што се употребата на друга сила или притисок (покрај употребата на насилство), користење на корупцијата, инволвирање на легалните економски и политички активности и влијание врз политиката, бизнисот, медиумите и судството заради полесно остварување профит и моќ и заштита од казнено гонење.[15]

Според Лабовиќ, во државите во транзиција, меѓу кои и Македонија, постои тенденција на некои автори, а која не оди во прилог на националните интереси, преку дефинирањето на организираниот криминал да се маскира организираниот криминал во неговата најопасна државно-политичка варијанта, зад организираните криминални групи кои можеби и немаат никаква, или многу слаба поврзаност со структурите од државната власт. Ваквите организирани криминални групи се опасни, но сепак полесни за откривање, докажување и понатамошно кривично-правно ефектуирање, отколку случаите каде државно-политичките структури се носечкиот елемент на организираниот криминал. Според него, организираниот криминал претставува организирана криминална активност на група составена од три и повеќе лица, којашто делува подолг временски период за извршување на сериозни кривични дела, со различен степен на организациска структура, со

[15] Арнаудовски, Љ., Организираниот криминалитет - феномен на денешницата, МРКПК, 2000/1-2

или без директна инволвираност на државно-политички структури во криминалната организација, со мешање на легалниот и нелегалниот бизнис преку инвестирање на криминални приноси во легалните бизниси, или други легални трансакции, со влијание врз правосудството, полицијата и државната администрација, коишто во определени ситуации се наоѓаат под целосна контрола на организираниот криминал, сè до целосно контролирање, или влијание врз определени медиуми и невладини организации, при што методите на насилство се користат доколку перфидните методи на притисок и корупција не дадат очекуван исход. Целтта на организираниот криминал е стекнување финансиска и друга имотна корист и стекнување и одржување на политичка или општествена моќ.

4. Карактеристики на организираниот криминал

Карактеристики кои мора да бидат исполнети за да зборуваме за постоење на организиран криминал се:

1. Соработка на три или повеќе од три лица во вршење на криминални дела;

2. Секој член од криминалната структура мора да има своја определена улога и задача;

3. Активностите на криминалната структура треба да се планираат за подолг, или недефиниран временски период;

4. Активноста на криминалната структура да се заснова на примена на одредени правила на интерна контрола и дисциплина на членовите;

5. Да постојат дејствија за извршување на сериозни криминални прекршоци;

6. Активностите на криминалната структура да се планираат и вршат на меѓународно ниво;

7. Користење на насилство, или други средства погодни за заплашување, или да постои спремност за нивна примена;

8. Во вршењето на криминални дејствија да се користат политички, службени, трговски, или бизнис структури;

9. Учество во перење пари, или на незаконски стекнатиот профит;

10. Практикување на вршење влијание на криминалните структури, или на некој нивен дел врз политиката, јавната администрација, судските власти, економските и општествените фактори, или медиумите;

11. Активностите да бидат определени од потрагата по профит и моќ.

Организираниот криминал е со меѓународни димензии, па така и криминалните структури меѓусебно се поврзуваат, без оглед на различноста на нациите, државите, верата, расата, и полот.

Според Конвенцијата на ООН против транснационалниот организиран криминал (чл.з), кривичното дело има меѓународни обележја во следниве случаи:

- кривичното дело да е извршено во повеќе од една држава;

- кривичното дело да е извршено во една држава, но подготовките, планирањето, насочувањето, координацијата на криминалните активности или контролата се случиле во друга држава;

- кривичното дело да е извршено во една држава, но него го извршила криминална структура која своите нелегални активности ги спроведува во повеќе држави;

- кривичното дело да е извршено во една држава, а последицата е во друга држава.

5. Меѓународна правна рамка на организираниот криминал

Организираните криминални групи почнале да дејствуваат многу поодамна, некаде уште во седумдесеттите години, но теоретскиот дискурс за организираниот криминал датира од понов датум. Во денешно време, организираниот криминал е најактуелна тема на медиумските известувања на глобално ниво, а и во нашата земја. Крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век го претставуваат периодот во кој се забележува најголема активност на криминалните групи, нелегалните трговски размени, криминални организирани банди од понов вид, коишто се поврзуваат со определени казнени дела, како коруптивните казнени дела. Кај повеќето облици на организиран криминал „царува“ корупцијата како една од илјадниците алатки со кои се служат извршителите на овие кривични дела сè со цел успешно спроведување на планот на групата, понатаму, кривичното дело перење пари, трговијата со луѓе, трговијата со дрога, трговијата со оружје, изнуда, измама и многу други кривични дела. Порастот на организираниот криминал, како и неможноста целосно да се сузбие оваа девијантна појава, доведува до состојба на несигурност кај обичните граѓани и причина плус за поголема сериозност и заинтересираност на органите на прогонот и на меѓународните органи и тела кога е во прашање изнаоѓањето решенија на ова поле, изнаоѓање нови механизми и начини за третман на оваа појава. За сериозноста со која современото општество пристапува кон разгледувањето на овој криминалитет зборуваат многубројните документи, меѓународните научни, стручни и политички собири на кои се разгледува проблематиката поврзана со организираниот транснационален криминалитет.[16]

На VII Конгрес на Организацијата на обединетите нации за спречување на злосторството и постапување со престапниците, одржан во 1985 година во Милано, донесен е „план за акција“ како почетен општоусвоен документ во борбата против организираниот криминал. Организираниот криминал, заедно со другите форми на неконвенционален криминал, поставија пред традиционалниот казнено-правен систем еден нов предизвик, барање за преиспитување на општите институти на казненото право. Во тој контекст, веќе на едно високо рамниште сериозно се пристапува кон научно дебатирање и изнаоѓање нови решенија со кои ќе се активира борбата против овој проблем на глобално ниво, а сите тие

[16] Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – нови теоретски димензии и практични консеквенции, методика на откивање и докажување, Скопје, 2009, стр.3

нови механизми ќе се издигнат на ниво на меѓународни стандарди. На пример, се постави прашањето за казнената одговорност на правните лица, воведување нови инкриминации, измени во политиката на санкции кои ќе придонесат за донесување поефикасни и поефективни мерки за спречување и сузбивање на непосакуваните девијантни поведенија. Меѓународните активности не престануваат тука.

На VIII Конгрес, одржан во Хавана 1990 година, усвоени се „насоки за превенција и контрола на организираниот криминал“, како и Резолуција за спречување на корупцијата во поврзаност со организираниот криминалитет. Тогаш проблемот со организираниот криминал е на ниво на „глобален меѓународен проблем“.

На Министерската конференција одржана во Неапол 1994 година, донесен е Глобален план за борба против организираниот криминалитет усвоен од Генералното собрание на ООН. Овие заклучоци, подоцна се обликувани во документите на IX Конгрес на ООН одржан во Каиро 1995 година, во кои се истакнува драматичниот пораст на организираниот криминал и врз нив, ООН донесува Глобален план за акција. Овој пристап не го одредува карактерот на овој криминалитет, не ги лоцира односите во кои се остварува, се задржува само на организацијата и методите на работа, но сепак, треба да се спомене затоа што значи чекор напред кон обработката на организираниот криминал и сите негови облици како предизвик на денешницата.

Бидејќи се работи за проблем на глобално ниво, проблем кој ги засега сите држави во општеството, најрационално решение за секое законодавство е хармонизација на домашните казнени законодавства. Ваков меѓународен документ е „Конвенцијата за транснационален организиран криминал на ООН“. Ваквата реформа, хармонизацијата на казнените законодавства на одделните држави се спроведе со усвојување на најразлични меѓународноправни документи со различна правна вредност, донесени од различни меѓународни органи, организации и тела. Со помош на овие меѓународни документи во казненото право настанаа многубројни промени, реформи на казненото право, а како најзначајни се: криминализација на злосторничкото здружение (инспирирана од англосаксонскиот казнен институт conspiracy); инкриминирање на казненото дело перење пари; статуирање на казнената одговорност на правните лица; измени во системот на

санкции во насока на построг третман во случај на организирано вршење на казнени дела и примена на конфискација на криминалните приноси; измени во процесното законодавство во насока на зајакнување на позицијата на Полицијата и Јавното обвинителство, воведување на нови доказни средства, како и воведување посебни истражни мерки. Може да се каже дека државите го обликуваа и го изразија својот став спрема организираниот криминалитет во Конвенцијата на ООН за борба против организираниот транснационален криминалитет, потпишана од голем број држави во 2000 година, во Палермо, позната како Конвенција од Палермо, во која за првпат е направен транспарентен обид за сеопфатна дефиниција. Оваа Конвенција, всушност, во денешно време претставува најбитен меѓународен документ кој ги поставува механизмите на државите во борбата против организираниот транснационален криминалитет. Конвенцијата стапи во сила во 2003 година. Поточно, за првпат беше усвоена од Генералното собрание на ООН на 15 ноември 2000 година, а истата симболично беше отворена за потпишување во Палермо, за периодот од 12 до 15 декември 2000 година, при што беше потпишана од 130 земји.

Доколку се истражуваат документите на меѓународно ниво и на ниво на Европската Унија, може да се забележи дека постојат голем број документи, конвенции, резолуции и декларации со различно дејство кон државите кои во себе содржат одредби за организираниот криминал, односно за индивидуални кривични дела кои во себе содржат елементи на организиран криминал, но Конвенцијата од Палермо врши една детална преродба во оваа проблематика. Донесена е со единствена цел, која е предвидена во член 1 од Конвенцијата: „За да ја унапреди соработката заради превенција и поефикасна борба против транснационалниот организиран криминал“. Треба да се нагласи дека Конвенцијата од Палермо се однесува на транснационалниот организиран криминал. Така, едно казнено дело, според оваа Конвенција, ќе има транснационален карактер доколку е извршено во повеќе држави (предвиден е странски елемент, односно се засегнати најмалку две држави); доколку е извршено во една држава, но истото е планирано, подготвувано или контролирано од друга држава; доколку е извршено во една држава од страна на организирана криминална група која делува во повеќе држави; доколку е извршено во една држава, но последиците се чувствуваат во друга држава. Организираниот криминал, покрај големиот број суштински елементи, односно карактеристики, го карактеризира и можноста

неговото дејствување да ги премине државните граници. Станува збор за транснационален организиран криминал, кој се манифестира низ различни облици на криминално делување. Според член 2 од Конвенцијата од Палермо, под „организирана криминална група“ се подразбира „структурирана група од три или повеќе лица која постои за одреден временски период и дејствува заеднички со цел да изврши едно или повеќе тешки кривични дела, воспоставени во согласност со Конвенцијата заради остварување директна или индиректна финансиска или друг вид материјална корист“. Ваквата дефиниција е слична на претходните дефиниции што се истакнати во овој труд од различни автори кои се занимаваат со проучување на оваа проблематика, но сепак во Конвенцијата е дадена една „минимална дефиниција“. Таа е ограничена на транснационалните облици на организиран криминал, што по дефиниција претставуваат присуство на странски елемент, односно меѓународен елемент.

Покрај Конвенцијата од Палермо, во рамките на Организацијата на обединетите нации, донесени се и дополнителни протоколи кон истата и тоа: Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено со жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата против транснационален организиран криминал на ООН; истиот стапи во сила 23 декември 2003 година. Донесен е во вид на универзален меѓународен документ кој ќе се однесува на сите аспекти од експлоатацијата на лица, особено ранливата категорија жени и деца и кој ќе претставува основ за предвидување и санкционирање на овој вид казнено дело, односно инкриминација на казненото дело во секоја држава потписничка на Конвенцијата. Протоколот за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, како меѓународен документ е донесен да ја олесни и зајакне соработката меѓу државите потписнички во борбата против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција. Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат ги опфаќа сите аспекти на криумчарењето мигранти, со цел да се помогне во борбата против овој вид криминал. Државите потписнички се должни да предвидат мерки во борбата против обој криминал, зајакнување на граничните контроли

6. Меѓународни акти против организираниот криминал во рамки на Европската Унија и Советот на Европа

Покрај Конвенцијата против транснационален организиран криминал, ООН има донесено и други конвенции кои се поврзани со проблематиката на организираниот криминал и имаат посебен осврт кон посебните облици на организиран криминал. Конвенцијата за недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1988 година, наречена Виенска конвенција, е потпишана во Виена на 20 декември 1988 година, а стапила во сила по дваесет ратификации на 11 ноември 1990 година. Според Виенската конвенција, конфискацијата подразбира трајно лишување од сопственост со одлука на суд или некој друг надлежен орган. Конфискацијата претставува еден чекор напред, со овој механизам, како алатка на меѓународно ниво, државите воспоставуваат унапредена соработка во спречувањето и борбата против транснационалниот организиран криминал. Целта на конфискацијата или мерката која е предвидена во Виенската конвенција е наречена „замрзнување на имот“ во судска или во друга постапка, под што се подразбира привремена забрана за трансфер, конверзија, располагање или за движење на сопственоста врз основа на налог издаден од суд или од друг надлежен орган (член 5 од Конвенцијата). Се смета дека лишувањето или одземањето на финансиската основа на организираниот криминал претставува значајно средство во борбата против криминалната организација.

Покрај ООН и Советот на Европа е посебно фокусиран врз проблематиката на оваа тема, односно во борбата против организираниот транснационален криминал. Советот на Европа има донесено повеќе конвенции во казненото поле и исто така голем број на препораки и тоа: Конвенција на Советот на Европа против перењето пари, потрага, одземање и конфискација на приноси од кривични дела, потпишана во Стразбур на 8 ноември 1990, наречена Стразбуршка конвенција, која стапи во сила на 1 септември 1993 година. Досега Конвенцијата ја ратификувале 48 држави, меѓу кои и Република Македонија, на 19 мај 2000 година. Се работи за многу значајна конвенција од областа на организираниот криминал, поради обидите што ги прави за попрецизно уредување на меѓусебната соработка на државите во делот на спречување на перењето пари, откривање, заплена и конфискација на приносите стекнати од криминал. Истата предвидува државите да овозможат правилно да се спроведе овој институт преку посебни органи, преку кои би

се одвивала постапката на воспоставување и спроведување на меѓународна соработка, како и тоа дека постапката може да се спроведе со посредство на Интерпол. Дефиницијата на Советот на Европа не е ограничена на казнени дела од транснационална природа. Во Конвенција на Советот на Европа против перењето пари, потрага, одземање и конфискација на приноси од кривични дела се наложува на секоја држава членка во своето национално законодавство да предвиди санкционирање на секое лице кое зема учество во организирана група, посебно се наложува, државите да посветат повеќе внимание на проблемот со перење пари, да се посвети особено внимание на даноците и фискалните казнени дела кои може да бидат поврзани со организирана криминална група. Во рамки на Советот е востановен Европскиот комитет за проблемите на криминалот (CDPC), во чии рамки во 2000 година е воспоставена посебна Комисија, којашто потоа е трансформирана во Група на специјалисти за казнено-правните и криминолошките аспекти на организираниот криминал – главно составена од универзитетски европски професори.[17]

Поради веќе познатиот проблем со кривичното дело перење пари, кое е синџир во различните криминални активности кои ги презема организираната криминална група, Советот на Европа ја усвои Конвенцијата за перење пари, истражување, заплена и конфискација на средствата стекнати со криминал или финансирање на тероризам, што стапи на сила во 2009 година. Како мерки за спречување на овој проблем предвидени се посебни истражни мерки со цел спречување на црните – незаконско стекнати пари да се легализираат и тоа; заплена, замрзнување, конфискација на средствата стекнати со кривични дела, начин на менаџирање на запленетите средства, специјални истражни техники итн. ЕУ започна со преземање на поинтензивни активности во борбата против организираниот криминал по усвојувањето на Договорот од Амстердам на Европскиот самит во Амстердам во 1997 година, кога е усвоен првиот Акционен план за заеднички активности, врз основа на кој Советот на министри на ЕУ во 1998 година го усвои и првиот правен акт – Заедничка акција за учество во криминална организација. Понатаму, во рамките на Советот на Европа, Комисијата, Европол и сите држави членки, донесена е заедничка стратегија „Превенција и контрола на организираниот криминал“. Оваа стратегија е донесена како акција за случувањата во Европа. Притоа, потребен е посебен

[17] Види повеќе, Камбовски, В., Организиран криминал, Скопје, 2005 стр. 45 и 46

план и акции во борбата и превенцијата кога се во прашање организираните криминални групи, потребна е спремност на „европската почва“, сè со цел да не се дозволи дестабилизација на европското општество. Ваквата Стратегија уште е наречена и „Стратегија на ЕУ за почетокот на новиот милениум“. Со неа на иста линија е и Рамковната одлука за спречување на тероризмот. Денес на меѓународно и на европско ниво се преземаат посебни активности кога станува збор за тероризмот и организираниот криминал, тие претставуваат сериозно загрозување на безбедноста на универзално ниво. Во заедничката стратегија се предвидуваат препораки базирани врз резултатите кои ги објавува Европол. Денес, во општеството на динамичен развој и забрзани технолошки и информатички сознанија почна да цвета компјутерскиот криминал како еден нов проблем со кој се справува општеството, па така на тлото на ЕУ се донесуваат различни акти кои нагласуваат борба против овој софистициран криминал, како што е на пример, Одлуката на Советот на Европа од 2004 година за напад на информациските системи, Регулатива (ЕЗ) бр.460/2004 на Европскиот парламент и Советот на Европа од 10 март 2014 година за воспоставување на Европската мрежа и информациската агенција за безбедност. Посебно во склоп на ЕУ се донесени документи кои имаат меѓународна важност, со кои се посветува посебно внимание во борбата на загрозените и најранливите категории, како што се жени и деца. Директивата 2011/36/EU на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2007 година за периодот 2003-2013 година за создавање специјална програма во делот на оваа проблематика, токму од причина што се работи за ранливи категории, целта е да се спречи, да се превенира насилството врз жените, насилството врз децата, младите и жените, поточно заштита на жртвите и групите изложени на ризик.

7. Меѓународни документи на ООН

Организацијата на обединетите нации, како една од најзначајните меѓународни организации е напорно посветена во делот на зачувување на безбедноста во Европската Унија и пошироко. ООН преку константна работа создава мерки кои се преточени во правни

акти на организацијата од областа на организираниот криминал и посебно од областа на недозволената трговија со оружје. Во склоп на тоа, ООН носи низа документи кои се дел од рамката којашто меѓународната заедница ја воспоставува во однос на борбата против транснационалниот организиран криминал и недозволената трговија со оружје, како еден од облиците на организираниот криминал. Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција, како еден од најзначајните документи на меѓународната заедница од оваа област, ја дополнува Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал од 2000 год., која доколку добро се анализира, ќе се согледа дека има недостаток во обработка токму на недозволената трговија со оружје. За пополнување на ваквите празнини, овој протокол е усвоен од Генералното собрание на ОН на 31 мај 2001 година како Резолуција 55/255, а истиот стапи во сила на 3 јули 2005 година. Овој Протокол е единствениот правно-обврзувачки документ, инструмент на глобално ниво кој се однесува на оружјето. Протоколот содржи прецизни дефиниции за повеќе поими и тоа: огнено оружје, делови и компоненти и муниција. Од најголемо значење за овој Протокол се превентивните мерки кои вклучуваат обележување на секое оружје при негово производство за да би се знаело неговото потекло, водење евиденција за податоци поврзани со оружјето најмалку десет години, онеспособување на оружјето итн. Протоколот ги обврзува страните, односно земјите потписнички или земји кои го потпишале и ратификувале Протоколот, во најголема можна мера да ги имплементираат неговите одредби во домашното законодавство. Протоколот за борба против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција досега го имаат потпишано 52 држави, меѓу кои и Република Македонија. Акциона програма за спречување, борба и уништување на недозволената трговија со мало и лесно оружје во сите негови аспекти. Оваа Програма не е правно-обврзувачки документ, па така нејзината имплементација зависи од волјата на земјата членка. Истата е донесена во јуни 2001 година во Њујорк, со консензус на земјите членки на ООН. Нејзината цел е да понуди решенија за спречување, контрола на неовластената трговија со оружје и неовластеното производство на оружје.

ГЛАВА 2

ТЕРОРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Дефиниција и поим за тероризам

Тероризмот не можеме во целост да го дефинираме затоа што тој е мултидисциплинарен. Не постои главна и единствена дефиниција за тероризмот, но затоа има повеќе дефиниции од повеќе еминентни професори и автори, а секој од нив го дефинира на свој начин и му дава посебна димензија. Постојат голем број на меѓународни организации кои се занимаваат со прашањето на тероризмот, а со тоа и голем број на дефиниции. На пример, според авторот Брајан Џенкинс,[18] тероризмот се состои од нелегитимна употреба на сила за постигнување на политичка цел кога невините луѓе служат како мета. Овој автор тероризмот го смета како насилство кое служи да се оствари определен ефект, насилство кое најчесто не е примарно, а понекогаш воопшто не е насочено за постигнување на физички ефект на актуелната цел, туку насилството најмногу е насочено кон тоа да предизвикува драматично влијание врз аудиториумот. Поланд Џемс М. Поланд го определува тероризмот како противзаконска употреба на закани и насилство против лица и имот, првенствено за реализирање на натамошни политички и социјални цели. Обично се настојува да се заплаши Владата, поединците или групите или да се измени нивното однесување и политика. Според Радослав Гачинович,[19] современиот тероризам е форма на насилно однесување, тој е генератор на насилство или закана со насилство, со цел блокирање и функционирање на влади, односно на општествено-политичкиот систем и промовирање на политички, идеолошки или повисоки верски принципи на севкупното насилство. Владата на САД уште од 1983 година употребува дефиниции за тероризмот, кои во суштина се детерминирани од следните елементи: поимот тероризам претставува промислено, политичко мотивирано насилство извршено против невоена цел од страна на субнационални организации или тајни агенти. Поимот меѓународен тероризам подразбира тероризам во кој се вклучени граѓаните или територијата на повеќе од една замја. Стејт департментот ја користи следнава дефиниција на тероризмот: „Тероризмот е планирано и политички мотивирано насилство, извршено против невоинствени цели од страна на маргинални национални групи или тајни агенти на некоја држава, чија цел главно е да се има влијание врз јавноста“

[18] http://www.slideshare.net/neebitno/65-terorizam-i-antiterorizam
[19] Radoslav Gaćinović Institut za političke studije, Beograd Str. 9

2. Развојот на меѓународниот тероризам низ историјата

Тероризмот е начин на борба на поединци, политички групи и организации против општествено-политички поредок и политички систем, заснован на примена на организирано насилство: атентати, убивања на претставници на држави и политички системи, владејачки класи, напади врз општествени добра, саботажи и друго. Непосредна цел на тероризмот е предизвикување на страв и лична несигурност кај граѓаните на некоја земја. Посредна цел е загрозување и слабеење на сигурноста на една земја. Во современата теорија тероризмот има различни корени и облици, почнувајќи од расна, верска, национална и класна нетрпеливост, стариот и новиот анархизам, до сепаратистички програми и тенденции во рамките на разни национални движења. Во најново време тој т.н. традиционален концепт го замени еден нов, кој во теоријата се нарекува супертероризам, а е претставен и применет од страна на културни или религиозни мотивирани групи, опремени со оружје за масовно уништување, кои се подготвени да го употребат во секој момент. Треба да се имаат предвид некои карактеристики на тероризмот, кои се заеднички со други злосторства и кривични дела: се работи за дело на човек; постои општествена опасност од стореното дело; вина за сторено дело; противправност, како и одреденост на кривичното дело во закон. Сметаме дека централно место во дефинирањето и неговото разграничување од другите кривични дела и злосторства мора да имаат објект на заштита, пред сè, човекот и граѓанинот, основните права и слободи, независноста и безбедноста на земјата, уставниот поредок, како и субјектот или лицето кое сторило кривично дело или злосторство. Без сомнение, тероризмот е најголема актуелна закана за современиот свет откако е урнат биполарниот систем. Интересно е дека крајот на Студената војна не доведе до поголем систем на безбедност и до поголемо владеење на меѓународното право. Интересно е тоа што различни експерти во најголемиот број случаи не можат да се сложат во однос на тоа што претставува тероризмот, но од друга страна се согласни во тоа што не е тероризам. Една од најсеопфатните и најпрецизни дефиниции за тероризмот настанала во втората половина на 80-тите години на 20 век, која без оглед на тогаш непосакуваната „преобемност“ доста

успешно се одржала низ времето.[20] Истата гласи: „Современиот тероризам, како повеќедимензионален политички феномен, претставува сложен облик на организирано, индивидуално и ретко институционализирано политичко насилство, обележан со застрашувачки физички и психолошки методи на политичка борба, со помош на кои обично во време на политички и економски кризи, а ретко во услови на остварена економска и политичка стабилност на едно општество, систематски се прават напори за остварување на „големи цели“, на начин потполно несоодветен на дадените услови, пред сè, општествената ситуација и историските можности на оние кои го практикуваат како политичка стратегија“. Тенденцијата на драстично зголемување и интернационализација на тероризмот дозволува во современите услови со право да зборуваме за ескалација на тероризмот. Тероризмот во последната декада еволуираше и стана суштинска закана за меѓународната безбедност. Затоа ќе мора да ги прифатиме анахроните начини на размислување и парадигми ако сакаме соодветно да му се спротивставиме. Еволуцијата на тероризмот ја отсликува неговата комплексност, динамичност интензивност, но и неговата огромна опасност за националната безбедност на државите, како и на севкупната меѓународна безбедност. Денес меѓународните односи се карактеризираат со појавување на нови поопасни форми на тероризам, со можност да предизвикаат и масовни последици, со што светот полека станува заложник. Многу повеќе од претходните, нападот од 11 септември 2001 година предупреди на некои нови околности во феноменологијата на тероризмот – начинот на напад, бројот на жртви, безобзирноста. Некои сметаат дека сите тие напади се доказ за изменетиот карактер на тероризмот, кој станува потполно неосетлив на секаква репресија и кој опасноста по животите, главно, на недолжни луѓе ја направи многу поголема отколку што некогаш била. Други, пак, веруваат дека и покрај промената во методологијата, начинот, средствата за напад, бројот на жртви и сл., не може да се зборува за промена на супстанцијата, односно карактерот на тероризмот, туку само за делумно нова феноменологија на тероризмот, т.е. за измислено сфаќање на јавноста за појавата и опасностите од тероризмот во современиот свет. Терористите во современиот свет, водејќи се од начелата на случаен избор и брутална спектакуларност, прибегнуваат кон изведување на терористички напади кои како последица ќе имаат уништување на објекти или средства кои ја симболизираат моќта на

[20] Симеуновиќ, Д., Теорија политике, Наука и друштво, Београд, 2002, стр. 159

државата и притоа ќе предизвикаат смрт на огромен број на луѓе.[21] На тој начин, својот традиционален принцип „зад нас ужас, а пред нас паника“, го издигнуваат на највисоко можно ниво. Со анализа на трендовите на тероризмот низ годините, важно е да се забележи големата испреплетеност на карактеристиките, мотивите, целите и врските внатре во групите. Тероризмот мошне брзо го менува својот карактер, но и своите цели, кои се многу поамбициозни, подраматични и веќе добиваат глобални димензии. Тој е „флуиден непријател“, но со јасно поставени цели кои секојдневно предизвикуваат шок, ужас, бес, страв, желба за одмазда, крв и нов психолошки и безбедносен амбиент, во кој луѓето во светот почнуваат да се чувствуваат како да се во војна.

3. Потреба од глобална стратегија за борба против тероризмот

Глобалната стратегија против тероризмот започна по терористичките напади во САД на 11 септември 2001 година, кога 136 држави во светот ги поддржаа САД во намерата да се уништи „Ал Каеда“ не само со морална поддршка, туку и физичка, со дозволи за прелет и користење на инфраструктура, до упатување на воени сили во борбата против тероризмот. Иако следуваше меѓународна операција во борбата против Талибан во Авганистан, отпорот не само што не се намали, туку се засили, што укажува дека пристапот во борбата против тероризмот не е така едноставен како што учи конвенционалната доктрина. Стратегијата на САД и западните држави за сузбивање и обесхрабрување на тероризмот е да ги придобијат или присилат државите кои се потенцијални спонзори на терористи да се откажат од тоа. Во однос на религиозниот екстремизам, ова подразбира поддршка на владите на муслиманските држави. Заканата во овие земји доаѓа од радикални структури, кои во обидот да обезбедат цврста подлога за нивната идеологија и идни операции, како приоритетна задача пред напади на западните држави им е уривањето на прогресивни, прозападни или секуларни влади. Бидејќи терористите најдобро се снаоѓаат во т.н. „пропаднати“ држави, Западот се стреми да ги идентификува потенцијалните држави со нестабилни или слаби влади кои немаат целосна контрола на територијата. За време на

[21] Николовски, М., Поврзаноста и влијанието на организираниот криминал, тероризмот и политиката, Графотекс, Скопје, 2008, стр. 37;

интервенцијата на САД во Ирак, се сметаше дека трендот на тероризмот е фрагментација на оваа појава, или создавање на сè повеќе мали организации кои, иако поврзани меѓу себе, нема да дејствуваат како една кохезиона сила. Меѓутоа, уште од самото формирање на „Ал Каеда“ беше јасно дека тоа не е обична терористичка организација со ограничени цели, туку идеолошко движење. Погрешните проценки за фрагментација на тероризмот се потврдија во 2014 година со офанзивата на ДАЕШ, првата терористичка организација која има за цел формирање на сопствена држава.[22] Појавата на ДАЕШ, која ја надмина „Ал Каеда“ во начинот на организација и интензитет на насилството, е доказ дека тероризмот се менува и еволуира. Трендот на глобализацијата, зголемувањето на економската размена и слободниот проток на информации им оди во прилог на терористичките организации и тие успешно го користат тоа во своја полза. Заканата од глобалниот тероризам денес, еден ден ќе се смета за пресвртница во светската историја, но во која насока ќе се одвива зависи од политиките на Западот и владите во муслиманските држави. Појавата на ДАЕШ како нова парадигма на терористичка организација со глобални амбиции која самостојно се финансира, делумно се должи на фактот што меѓународната заедница многу лесно и одлучно се мобилизира против режими кои го спонзорираат тероризмот и таа опција станува сè понедостапна.[23] Важен елемент на глобалната стратегија за борба против тероризмот се економските санкции против државите кои го спонзорираат тероризмот. По нападите на 11 септември, како нов метод за уништување на финансиската моќ на терористите започна да се применува замрзнување на сметки на лица и организации за кои постојат докази дека се поврзани со спонзорирање на терористички организации. Ова се покажа како релативно успешно бидејќи терористичките организации започнаа да обезбедуваат средства преку мрежа на спонзори за да избегнат нивна детекција. Денешната технологија им овозможува на државите да ги следат трансакциите на сомнителни сметки и на тој начин се утврдува каде завршуваат парите. Организацијата на ОН е посебно значајно тело за глобална стратегија против тероризмот. Поради бројот на членки, ОН е гломазна и бавна организација, но одлуките кои се донесуваат сепак на крај имаат голема тежина во меѓународната политика и единствен начин да се обезбеди легитимност за

[22] Perl, Raphael F. (2007). International Terrorism: Threat, Policy, and Response. CRS Report for Congress, January 3, 1.
[23] Gjorgji Veljovski, Nenad Taneski & Metodija Dojchinovski. (2016). The Militant Ideology as a Center of Gravity of the Religious Militant Organizations. International Journal of Humanities Social Sciences and Education, 3(8), 21.

употреба на сила. САД и Европа често ја користат ОН за наметнување на сопствените противтерористички политики, за разлика од други кои не успеаваат во тоа, како на пример, неуспехот за договарање на „Сеопфатна конвенција за меѓународен тероризам“, предложена во 1996 година од Индија и Алжир. Развојот на глобална противтерористичка стратегија е бавен и тежок процес поради спротивставените национални интереси, пред сè на големите актери. САД и европските држави се лидери во глобалната борба против тероризмот и очекуваат од своите партнери да ги прифатат нивните методи без значителни модификации. Иако како доминантни држави почесто и полесно успеваат да ја убедат ОН да прогласи санкции против држави кои го спонзорираат тероризмот, поради недостиг на заеднички прифатлива дефиниција и сивата зона меѓу тероризмот и бунтовништвото, генерално САД и Европа не секогаш успеваат да најдат заеднички јазик со останатите членки. Најефикасна алатка за борба против тероризмот е употребата на воена сила. Ефикасноста е докажана, меѓутоа во последните две децении реакцијата на оваа акција предизвика и негативни последици бидејќи редовите на терористи се зголемија со инволвирање на Западот, особено САД, во војни каде е тешко да се избегне колатерална штета.[24] Секоја грешка е потенцијален генератор на нови терористи кои поради револт и утеха на жртвите застануваат на страна на идеологијата на терористичката организација. Практиката покажа дека во војните во Ирак и Авганистан голем дел од населението кое претходно во конфликтот било неопределено, подоцна стануваат симпатизери на терористите или нивни помошници, дури и учесници во извршување на напади против коалициските сили. Факторот религија придонесува ова да се радикализира уште повеќе бидејќи грешките се перципираат како напад врз религијата.[25] Глобалните противтерористички политики предводени од САД опфаќаат долгорочна стратегија за победа на сите фронтови: да се забави ширењето на терористичките организации, да се идентификуваат и нападнат основните причини за тероризам, да се спречи создавање на нова генерација терористи, истовремено дејствувајќи во запоставените општества со

[24] Rees, Wyn. (2007). Transatlantic counter-terrorism cooperation: the new imperative. Routledge, 130
[25] Камбовски, В., Организиран криминал, 2-ри Август, Штип, 2005 година Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје , 1996 година

толеранција, модернизација, образование, градење на демократски принципи, поддршка на прогресивни влади кои ќе воспостават контрола на целата територија [26]

ГЛАВА 3

ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ - НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСНА ЗАКАНА ЗА ОПШТЕСТВАТА ВО ТРАНЗИЦИЈА

[26] Milosevič, G. Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji, Organizovani kriminalitet-stanje i mere zaštite, Beograd, 2005.

1. Национална безбедносна закана

Организираниот криминал се разгледува како национална безбедносна закана и во новите демократски држави како сериозен предизвик и закана за демократијата. Организираниот криминал е многу комплексен феномен, кој вклучува широк и разновиден спектар активности, како трговија со наркотични средства (една од доминантните криминални активности каде постои тесна поврзаност со државните органи, особено со оние кои издаваат дозволи со увоз на стоки, со царинските органи, поврзано со транспортните и шпедитерски организации, како и развиена трговска мрежа за пласирање и растурање на шверцуваните дроги); криумчарење со оружје, активност која носи извонредно голема заработувачка, трговија со луѓе, перење на пари и незаконски трансфери на пари поврзани со терористички активности.

Генерално гледано, организираниот криминал се смета за штетен на две нивоа: на индивидуално и државно/општествено. На индивидуално ниво, очигледно е дека криминалните дела се опасни до тој степен што поттикнуваат страдање на индивидуите преку нанесување на физичка повреда. На државно/општествено ниво, заканата на организираниот криминал е уште потешко да се локализира, како што е наведено во извештајот за трговијата со луѓе на Европол од 2003 година, со забелешка за „тешкотијата во јасната идентификација на заканата којашто трговијата со луѓе ѝ ја носи на државата“. Во литературата се истакнува заканата во потчинување на државниот авторитет и дестабилизација на општествената хиерархија.

2. Етапи на организиран криминал

Предложена е типологија на три етапи во кои организираниот криминал ѝ се заканува на нацијата во државата:

I. Предаторна – „граблива“ етапа, во која криминалните организации постепено ја намалуваат, поточно ја преминуваат легитимната пазарна структура;

II. Паразитска етапа, во која ваквите групи ги инфилтрираат нивните бизниси и на тој начин создаваат пазари во сенка и ги преземаат државните надлежности, и

III. Симбиотска етапа, во која криминалните групи се потполно интегрирани во економските и политичките институции на државата, поседувајќи значајна политичка моќ.

Друга група на држави кои се сметаат за пригодни домаќини на организираниот криминал се држави кои преживуваат значајна политичка и економска транзиција. Ваквите слаби или „пропаднати“ држави се потенцијално подложни на постојан напад од организирани криминални групи, при што горенаведениот опис на етапите одговара. Иако е можен натпревар помеѓу групите за контрола врз одредени пазарни сегменти, не постои причина тие да се стремат кон промена на системот од којшто тие профитираат.[27]

Кога или зошто, и дали криминалните мрежи вмешани во легалните економски и политички државни структури ќе претставуваат закана за општеството?

Листата е долга:

• приватизација на јавниот сектор во интерес на приватни/лични придобивки,

• влада која претпочита тајност наместо јавно изјаснување, губиток на одговорност и соработка со јавноста,

• ускратување на правото на избор,

• губење на доверба во политичарите и политичките процеси.

Покрај новата феноменологија на „мрежен криминал“, доаѓа и до промени во начинот на дејствување на криминалните здруженија (modus operandi), од кој зависи нивното опсервирање како структури спротивставени на општеството или структури што воспоставиле однос на симбиоза со општеството. Податокот дека е тешко да се обезбеди информација за организираниот криминал и облиците на организираниот криминал, ги забавува обидите да се концептуализира овој проблем. Сепак, организираниот криминал и

[27] Lupsha Peter, Transnational Organised Crime versus the Nation-State, Transnational Organized Crime, 2/1, 1996, pp. 21-48

понатаму останува нејасен концепт, кој се моделира во зависност од сфаќањата за тоа кој облик на криминал претставува најсериозна закана за општеството и подлежи на влијание на различни политички и институционални интереси.[28] Тој се извршува во еден динамичен контекст, кој нуди и бара определена способност за прилагодување како на криминалците, така и на органите кои го спроведуваат законот. Организираниот криминал го моделира и обликува социјалниот, економскиот и политичкиот контекст во кој дејствува, каде постојат сложени односи помеѓу организираните криминални групи, државата и општеството, а кои имаат повеќе карактер на симбиоза и клиентелство, отколку конфронтирачки карактер. Стариот концепт на хиерархиски поставени и ригидни организирани криминални групи се промени и придвижи кон концептот на т.н. „бирократски“ организирани криминални групи, со добро развиена структура, па дури и лабави и флуидни мрежи, поради што задачата да се идентификува и анализира организираниот криминал станува уште потешка.

ГЛАВА 4

ЕТИОЛОГИЈА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

[28] European Union Organised Crime Situation Report, European Commission, Council of Europe, 2005, p. 52

1. Фактори за појава на организираниот криминал во Република Северна Македонија

Организираниот криминал претставува закана за непречено и целосно функционирање на демократијата за сите држави во светот, посебно изразено за земјите во развој и за сите посткомунистички земји во транзиција. Активностите на организираниот криминал можат да ја попречат и маргинализираат демократијата, да го парализираат функционирањето на легалните институции на власта, економски да ја исцрпат земјата, а со тоа да ја доведат во прашање независноста и суверенитетот на државата. Поголемите нарушувања и загрозувања на внатрешната безбедност на државата во определени ситуации може да значи и губење на нејзината самостојност и сувереност. Во последниве неколку години се појави зголемена интернационализација на активностите на организираниот криминал. Поврзаноста на организираниот криминал со бунтовите, етнонационалните конфликти и тероризмот се чини е многу пошироко отколку што беше пред неколку години. Поврзувањето произлегува од сè поагресивното и софистицирано финансирање или можеби промена на мотивациите на организираните криминални групи во мотивации кои се многу потесно поврзани со политички цели и стекнување со моќ, отколку само со бизнис, односно профит. Нестабилноста и конфликтите го одбележаа регионот од почетокот на 1990 година. Распадот на СФРЈ и војните што се водеа доведоа до зголемување на организираната криминална активност во Југоисточна Европа. Потребата за финансирање на војната доведе до појавата на т.н „воена економија“, за добивање на свои фондови од илегални активности, посебно од трговијата со дрога и оружје.[29] Мрежите и пазарите создадени во текот на војната останаа во функција и по завршувањето на војната, бидејќи се покажаа како многу профитабилни. По 1990 година, различни фактори влијаат врз зголемувањето на организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор на општествата во транзиција.

Голем дел од продуктивните економски капацитети беа уништени за време на војната или беа целосно запоставени во текот на 1990-те, губејќи ги на тој начин

[29] Kitty McKinsey, Yugoslavia: NATO, US Pledge to Uphold Stability in Macedonia, Radio Free Europe/Radio Liberty, April 19, 1999

меѓународните пазари на кои порано имаа пласман. Во текот на „загубената деценија“ големо внимание се посветуваше на трговијата со легални и нелегални производи, значително зголемувајќи ги трошоците на регионалната трговија. Зголемените удели во криумчарењето и трговијата го следеа истиот тренд, создавајќи плодна почва за организираниот криминал, кој се чини дека се претвори во клучен механизам за противзаконско прераспоредување на националното богатство во регионот. Кристофер Хил (Christopher Hill), поранешен амбасадор во Македонија (1996-1999), ја опиша Македонија како „пријатна мала земја во лошо соседство“.

Последиците од војните во Хрватска, Босна и Косово, како и колапсот на Албанија во 1997 година, значеше дека регионалното опкружување станува многу опасно за Македонија. Всушност, целиот регион може да се каже дека се затвори во „корупциска криза“, која е обележана со неочекуван прилив на илегални ресурси, организирани криминални групи и општа социјална дислокација предизвикана од војните, државниот колапс и економските санкции. [30]

Со отварањето на Албанија како херметичка затворена држава по падот на комунизмот, клептократската елита којашто тајно ги присвои средствата на државата буквално ја презеде власта. Сепак, нивното владеење беше со слаб здив, бидејќи крахот на шемата на пирамидалните штедилници во 1997 година ја втурна Албанија во хаосот на безвластието и војните меѓу ривалските кланови. Во овој период, полициските и воените арсенали беа масовно ограбувани.

За време на постоењето на Југославија, 75 % од хероинот, чијашто дестинација беше Западна Европа, минуваше низ Србија, Хрватска и низ Словенија. Со борбите во Хрватска, а подоцна и во Босна, оваа маршута стана непроодна. Алтернатива беше маршутата Бугарија - Романија - Словачка - Чешка, но поради засилените напори за нејзино спречување во Средна Европа, таа беше премногу ризична. Како последица на тоа, „цевководот“ за дотур на дрога беше пренасочен преку територии населени со Албанци во граничните области на Македонија, Јужна Србија и на Косово. Оваа гранична зона на нарко-трговијата

[30] Славевски Т. Организиран криминал и корупција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1-2, Скопје 2006,

е токму онаа преку која крстосуваа албанските паравојски за го прошират конфликтот во Јужна Србија и во Македонија. Така, се појавуваат силни, добро финансирани криминални структури водени од страна на партиите кои имаат интереси од исходот на некој конфликт. Ова може да вклучи, интерес во одолговлекувањето на некој конфликт или експлоатирањето на тензиите со цел да се зголеми профитот. Во услови каде што се водат скапи војни по секоја цена, трошоците не можат да бидат преку вистинска имплементација на националната економија, така што државите на територијата на поранешна Југославија го прифатија криминалот како извор на воспоставување и појава на партнерства во подземјето. Криминалното дејствување засновано првенствено на етнонационална основа, особено дејствува во региони каде што државните институции се ранливи, економските извори се ограничени и меѓуетничките тензии се високи.

Наметнатите меѓународни санкции на Југославија во 1992 година придонесоа за појава на криумчарски активности. Селата населени со Албанци во пограничните области на Македонија, Косово и во Јужна Србија станаа зони на беззаконие, каде што се шверцуваа најразлични стоки. Во 1993 година Југославија беше исклучена од членството во Интерпол, со што се намалија капацитетите на српската полиција за надзор и за спречување на криминалот. Впрочем, тимот на ЕУ, поставен да ја набљудува границата, пресмета дека од Македонија кон Србија патуваа во просек 1.000 камиони неделно. Овие шверцерски операции немаше да бидат можни без македонските соучесници во рамките на државата. Токму во таа поврзаност се гледа симбиозата на албанскиот криминалитет и корумпираноста на македонската држава. На организираните криминални групи им беше потребно одобрение од луѓе од власта за да можат да осигураат безбедно минување на своите стоки и испорака на услугите за својата клиентела. Министерството за внатрешни работи признава дека меѓу оние кои се најподложни на корупција во државата се вработените во царинските служби, полицијата, здравството и во даночната служба.

Истражувањата на феноменологијата и на етиологијата на организираниот криминал не може да се потпре ниту на официјални финансиски и други показатели, кои може да се земат како варијабли што може во вкрстени истражувања да се анализираат како важни

индикатори за состојбите на организираниот криминал.[31] Доволно е да се спомене само проблемот на „сивата економија“, во која цути организираниот криминал и која не се намалува (според различни процени на економистите покрива простор од 50 % од економскиот живот). Појавните облици на сивата економија создаваат услови за афирмација на корупцијата, шверцот и измамите. Сивата економија станува системско прашање, но и прашање на системот. Последица е создавање на нова елита која својата егзистенција ја должи на сивата економија и корупцијата.

Економската основа на организираниот криминал е засилена со два фактори - високата стапка на невработеност и огромниот удел на „сивата економија“. „Сивата економија“ генерира околу 40 до 50% од националниот приход на земјите од Југоисточна Европа. Просечната невработеност во овој регион е 21 %. Ова е огромен извор на луѓе за организираните криминални групи. Големата невработеност, исто така, создава средина која е погодна за трговија со луѓе, која е една од најпрофитабилните илегални активности во Европа. Ширењето на економскиот криминал придонесува за опстојување на црни и сиви сектори во националните економии во регионот. За многу земји овие сектори претставуваат од 30 до 40 % од нивниот БНД. Според некои проценки, за земји како што е Турција, Албанија, Македонија, Србија и Црна Гора, овој процент е уште поголем. Исто како и легалните пазари, црната и сивата економија се раководат според правилото на побарувачка и потрошувачка. Незаконската трговија кон Западна Европа го зголемува ризикот за безбедноста на целиот континент. Цариниците се вмешани во криминални партнерства со бизнисмени, подземјето и нивните бизниси, комерцијални структури со матни активности, транспортери и поедини увозници. Ова се трајни партнерства преку кои цариниците се здобиваат со провизија за „поединечни услуги“ и постојани придобивки од операциите при увоз. Во некои случаи цариниците потпаѓаат под притисок на локалните и централните претставници на власта, владејачки групи и криминални организации. Главниот потенцијален безбедносен ризик произлегува од социо-економската несигурност и невработеност, високото ниво на корупција во политичките и економските системи, ниското ниво на доверба во полицијата и правниот систем, ограничен капацитет за ефективно примање меѓународна помош како и од организиран криминал, којшто е поврзан

[31] Мисија во Македонија за поддршка на санкциите-Mascam

со недостаток во спроведувањето на законот, погранична контрола, и царината: шверц, трговија со дрога, трговија со луѓе и други активности.[32]

Основата на правната држава ја сочинуваат индивидуалните слободи и права и заедничките функции на живот што се нужни за нивната заштита, остварување и развивање. Овие добра се повеќекратно загрозени со облиците на организиран криминал што предизвикуваат парализа на заштитните механизми.[33] Од друга страна, организираниот криминал ги поткопува самите демократски основи на правната држава. Со својата прикриеност и континуирано дејствување, а особено со системот на заштита што им обезбедува фактички имунитет на извршителите, тој претставува директна закана за институциите на системот, промовирајќи свој сопствен, паралелен систем на односи, правила и контрола, недопирлив, особено за демократската контрола на јавноста. Поради способноста на организираните криминални групи да продираат многу лесно во законското општество и нивната подготвеност да ги игнорираат националните граници, тие претставуваат закана за националната безбедност. Заканата за националната безбедност е директно поврзана со ранливоста на секоја држава. Кога државата е сфатена како слаба, заканата е поголема.

2. Причини за појава на организираниот криминал

Внатрешно политичките прашања поврзани со суверенитетот на државата, економската рецесија, санкциите против Југославија и војната во соседните земји, негативно влијаеа на Република Македонија. Како и во другите земји во регионот, овие фактори им овозможија на организираните криминалци да работат и да се здобиваат со противправна заработувачка. Може да се забележи дека во Македонија институтот запленување на имотот, кога станува збор за корист остварена со кривично дело, не се применува. Главните економски криминални активности се измами во јавни набавки,

[32] Fotios Moustakis, Soft Security Threats in the New Europe: The Case of the Balkan Region, European Security, Taylor & Francis, 2004. pp. 149-150.
[33] Ilie Petkan, Corruption, Contraband and Institutional Reform, PARI daily, 3 February 2003.

предизвикување стечај, измами при приватизации и затајување на ДДВ.[34] Во моментов не постојат детални проценки за штетата причинета од овој вид на криминал по јавните приходи, којашто би можела да се изрази во стотици милиони евра. Измамите при јавните набавки често се вршат откако ќе биде избрана најповолната понуда преку менување на договорот, при што се зголемува цената на првичната понуда. Забележани се и измами на банки, при што се одобруваат грантови и кредити врз основа на фалсификувани документи. Фалсификувањето на званични и административни документи најчесто се користи за здобивање со имот на нелегален начин, добивање на дозволи за увоз на стоки под повластени услови и друго. Затајувањето на ДДВ и фалсификувањето на легална стока се исто така посочени како проблем, при што фалсификувањето опаѓа, додека затајувањето се чини дека е во пораст. Во однос на пиратеријата и фалсификувањето на легални производи, властите имаат евидентирано производство, дистрибуција, продажба и изнајмување на порнографија, филмови и компјутерски производи. Неодамнешните акции против овој вид криминал резултираа со растурање на криминална група за производство на овој вид производи и запленување на опремата и снимениот материјал. Постојат исто така случаи на фалсификување на прехранбени производи, безалкохолни и алкохолни пијалоци и други производи за потрошувачка наменети за домашниот пазар. Неодамнешните напори за спроведување на законот беа успешно усмерени кон овој вид на криминал. Покрај ефикасното прикривање на нелегалните активности, формирањето или користењето на таква структура - со основање ново трговско друштво, купување акции или преземање на некое постојно, што, патем, во Република Македонија масовно се практикуваше, а се практикува и денес поради слабата законска регулатива, е исклучително погодно за обезбедување на формална логистичка поддршка на нелегалните активности, овозможување на перење пари, лесна комуникација со државните структури, учество во јавни набавки и тендери, развивање на дополнителни економски и други активности и контрола на пазарот. Како посебно атрактивни се појавуваат секторите на производство и услуги што носат високи профити, како што е градежништвото, прометот со недвижности, осигурувањето, банките, транспортот, трговијата и преработката на нафта и на деривати,

[34] Владо Камбовски, Организиран криминал, 2-ри Август Штип, Скопје, 2005, стр 56.

увозот-извозот, итн.[35] Меѓу другото, оваа форма на дејствување овозможува остварување огромни профити со мултиплицирање на криминалните приноси вложени како основачки капитал во компаниите. Лицата кои се задолжени за водење на стечајните постапки на поранешните државни претпријатија се инволвирани преку измами во приватизации и бесправно присвојување на јавни средства во секторот за јавни комунални услуги каде постои вмешаност на раководниот кадар, политички врски и корупција. Сложеноста и чувствителноста на ваквите случаи ги отежнува истрагите и покренувањето на обвиненија, додека социјалните и економските последици за општеството придонесуваат кон тоа јавноста во Република Македонија да биде особено чувствителна на исходот и на резултатите кои се очекуваат од овие случаи.

Организираните криминални групи се разликуваат по нивното потекло, големина, област на специјалност и некој други параметри, создаваат многу флексибилни, комплексни меѓународни односи и сè повеќе се чини дека ги мешаат активностите со мал ризик, со оние со голем ризик. Организираниот криминал во голема мера е невидлив и е многу често поврзан со легитимниот бизнис.[36]

Во Република Македонија дејствуваат организирани криминални групи и нивната структура е во најголем дел хиерархиска. Тие во најголем дел дејствуваат во транснационални размери и посебно во следниве Источноевропски држави: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Унгарија, Романија, Молдавија, Словачка, Словенија, Турција, Русија и Украина. Покрај овие држави, тие дејствуваат и во Австрија, Германија, Грција и Италија. Посебно организираните криминални групи од Македонија започнаа профитабилна соработка со албанските и српските криминални организации, особено со оние кои се вклучени во трговијата со хероин и синтетичка дрога. Албанците од Македонија и Косово имаат големо учество во пазарите на дрога во Австрија, Германија, Чешка, Унгарија, Полска, Белгија и речиси ексклузивно го снабдуваат швајцарскиот пазар. На Балканот, многу често, националистичка дури и патриотска

[35] http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-formeryugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf
[36] CARPO Regional Project,"Update of the 2006 Situation Report on Organized and Economic Crime in South-eastern Europe", European Commission, Council of Europe, Strasbourg, June 2007, p.9

реторика служи за да се прикрие криминалниот економски интерес. Атентатот врз српскиот премиер Ѓинѓиќ од страна на моќни криминални структури фрли светло на големината на овој проблем. Највлијателните организирани криминални групи се автохтони, со многу силни врски во регионот, а во некои случаи и во земјите на ЕУ. Како и да е, ексклузивната етничка припадност станува сè помалку значајна, па дури и албанските организирани криминални групи основаа тесна врска со турските, македонските, српските и други организирани криминални групи.

Организираните криминални групи во Македонија се вклучени во многубројна матрица на криминални активности, од трговија со дрога, до кражба на автомобили. Заеднички *„modus operandi“* на овие организирани групи е корупцијата. Таа се развиваше од пасивна експлоатација, до активна принуда и се здоби со капацитет не само да го успорува економскиот растеж, туку и да го „храни“ организираниот криминал и по редослед да предизвикува политичка и општествена нестабилност. Учесниците и основната структура на организираниот криминал може да се менува во зависност од криминалното дело што треба да се изврши. Мрежата што е неопходна во трговијата со кокаин, на пример, во голема мера се разликува од незаконската трговија со оружје. Во првиот случај, структурата на соработка меѓу одгледувачите, пренесувачите, посредниците, трговците на големо и уличните дистрибутери се неопходни за испорака на производите од точката на потекло, до точката на потрошувачка - процес на координација кој се изведува потешко, заради потешкотиите во транспортот на производите во рамките на државната граница.[37] Следствено, се внесува во „игра“ и сложената и единствена мрежа за остварување профит од продажбата на дрога, која вклучува специјалисти за перење пари, финансиски институции, вистински фирми и лажни компании, како и други соучесници. Спротивно на тоа, трговците на оружје ретко се вклучени во производството на стоката, и бидејќи нивната клиентела, најчесто, ја сочинуваат национални вооружени групи, проблемите со откривање се помали од оние со трговијата со дрога, и покрај големината на стоката. Криминалните организации по природа се насилни. Платените убиства се извршуваат за отстранување конкуренти и пречки во криминалниот бизнис, како и обвинители и судии.

[37] CARPO Regional Project, Update of the 2006 Situation Report on Organized and Economic Crime in South-eastern Europe, European Commission, Council of Europe, Strasbourg, June 2007, p.9.

Криминалното насилство е фронтален напад на законот и создава повисоки нивоа на насилство во општеството. Примената на насилство или закана е начин на кој организираните криминални групи ја зачувуваат доминантната, монополска положба на пазарот на криминални услуги, а насилството е најчесто насочено кон конкурентните групи, кон сведоците или кон полицијата и другите служби чијашто функција е спречување на организираните криминални активности. Сепак, во последните неколку години е забележлива промената на тактиката на криминално дејствување со избегнување на отворена конфронтација и насилство, и примена на други методи, како што е корупцијата и злоупотребата на положбата и влијанието. Користењето на влијание врз политичките и врз економските структури, јавната администрација, судството, полицијата и медиумите денес станува главно оружје во дејствувањето на криминалните групи и мрежи. Мошне често тоа прераснува во корупција, поточно во класичен однос на наплатување на противзаконските услуги од носителите на јавните функции, финансиски и други недозволени трансакции, остварување на функциите на откривање и гонење или пресудување или користење на услугите на медиумите. Но, сè поголемо значење добиваат формите на влијание врз политичките партии и власта преку финансирање на изборните кампањи и фаворизирањето што следува по изборната кампања.[38] За разлика од примената на насилство, овој метод е карактеристичен за „симбиотичкиот“ тип на организиран криминал, кој станува сè поприсутен: преку корупција и „тргување со влијание“ се остварува цврста испреплетеност на криминалните и легалните структури и нивните активности и доаѓа до проникнување на организираниот криминал во заштитните механизми на државата. Симбиозата, односно поврзаноста меѓу двата ентитети претставува заемна релација во која преживувањето и јакнењето на едниот е претпоставка за јакнење на другиот. Тоа значи дека криминалот се одржува и јакне со помош на државата, државата опстојува и ги остварува своите функции со помош на криминалот

Државите може да имаат голем број различни улоги, кога станува збор за криминалните активности: жртва, обвинител, пасивен сведок или активен соучесник. Улогата на државите во одредени области од криминалните активности е дел од тајните

[38] Allan Castle, Transnational Organized Crime and International Security, Institute of International Relations, The University of British Columbia, Working Paper No.19, November 1997, p.8.

активности на тајните служби или како резултат на директно или имплицитно вклучување на владата во криминалните активности (на пример, олеснување на активностите на перење на пари, игнорирањето на меѓународните кругови на трговија со луѓе, одбивање учество во вонредни постапки или потпишување договори за екстрадирање, во случаи каде што се знае дека државата ги заштитува лицата што извршиле посериозни кривични дела). Многу организирани криминални групи се карактеризираат како „флуидни“, „структуирани во ќелија“, и „мрежовидни“. Можниот модел со пофлуидни односи, послободни контакти и *ad hoc* дејства во нивни рамки и меѓу криминалните групи ја има предвид потребата од анонимност и тајност на криминалното однесување, затворените односи и импровизорноста, еднократните зделки и договори. Промената на основните карактеристики на организираниот криминал во последниве неколку години од облик на дејствување јасно спротивставен на општеството во „симбиотички“ облик, од хиерархиски поставени криминални групи, во дифузни „криминални мрежи“, од примена на насилство, во користење на корупција и „тргување со влијание“, се рефлектира и врз новите техники на самозаштита на организираните криминални структури.[39] Резултат на споменатите промени е и сè почестото користење на комерцијални, трговски структури, преку кои се остварува привид на легална активност и се воспоставуваат полесно врски со државните структури или воопшто со финансиските, со банкарските и со други институции и трговски друштва. Сепак, може да се каже дека организираниот криминал останува синоним за наднационална организираност и концентрација на огромна финансиска моќ. Таквото сознание го потврди и нашето сопствено искуство со преструктуирањето на целиот економски систем во услови на непостоење на никакви заштитни или контролни механизми во перидот на трансформација на општествениот капитал, намерно пролонгиран за да се етаблира новата социјална структура, заснована врз политичка моќ и влијание. Потребната казнено-правна заштита, што требаше и треба да го следи процесот на транзиција, изостана поради упорното ширење на убедувањето дека можните забрани или контрола би биле спротивни на духот на пазарната економија и нејзините законитости. Секоја економска и политичка криза создава поволни услови за развој на нови облици на криминал, појавување на постојните низ нови форми и за нивно прераснување во организиран, односно

[39] Оливер Бакрески, Нов меѓународен поредок, списание „Одбрана“, вол.XII, бр.91, 2003, стр.14.

меѓународен организиран криминал. Посебно придонесува фактот што во таквите услови државата во правна смисла не функционира потполно, а во економски домен не е во можност да го контролира и насочува пазарот, што создава поволни услови за функционирање на организираниот криминал и на воспоставување врска со државните и други органи, поради негово понатамошно егзистирање и ефикасна сопствена заштита од активностите на надлежните државни органи и примена на репресивни мерки. Организираниот криминал претставува нов облик на закана и предизвик на безбедноста. Поради тоа е потребно да се пронајде нова дефиниција на моделот на безбедноста и нови механизми на решавање на проблемите на безбедноста, со цел на овие предизвици да биде соодветно одговорено.

ГЛАВА 5

ВИДОВИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

1. Облици на организиран криминал

Деловните активности во кои може да биде замешан организираниот криминал се ограничени само со човековата имагинација. Организираниот криминал, со голема веројатност, се вклучува во сите профитабилни нелегални потфати или активности. Со оглед на тоа дека легитимниот пазар не нуди некоја можност за порочни активности, како на пример: коцкање, проституција, шверц, дрога, лихварство, порнографија и слично, еден значаен дел од популацијата на потрошувачи остануваат неуслужени. Така, организираниот криминал ги користи овие празнини на пазарот и профитира од понудата на услуги токму за оваа група на потрошувачи. Па, надоврзувајќи се на ова, и самата продажба на производите на потрошувачите и понудата на услугите кои ги обезбедува организираниот криминал се нелегални. Но, самата побарувачка и нејзиниот интензитет, придонесуваат кон тоа ваквите организации и дејствувања да бидат неизбежни. И иако по долги години сè уште имаме недостаток од прецизни процени и прогнозирања на криминалитетот од една страна, и на профитите и приходите кои произлегуваат од него од друга, сепак, примарно за разбирање на овој криминалитет е да ги проучиме генераторите на приход, појавните облици и нивните криминолошки карактеристики.

2. Трговија со луѓе и трговија со деца - облик на организиран криминал stricto sensu

Трговијата со луѓе, или неретко именувана како трговија со бело робје, е криминалитет со историска димензија. Се јавува во сите етапи од развојот на општеството, модификувајќи се и приспособијќи се кон постојните услови. Во стариот и средниот век се

јавува во форма на поробување на жените во војни и таквиот плен од завојувачките походи бил „на услуга на војските и војниците, но поробените биле терани во ропство заради продавање во јавните куќи што ги држела државата“.[40]

Тесната поврзаност на трговијата со луѓе со проституцијата упатува и на една друга форма на трговија со луѓе позната под името – храмска или световна проституција, појавена во третиот век од нашата ера, развиена од страна на црквата под изговор дека се врши во чест на боговите, изразувајќи ја на тој начин огромната преданост кон нив. Носејќи огромни приходи, овој вид на проституција, кој претставува предворје на трговијата со луѓе, го надминува раниот период од робовладетелското општество и го следи и натамошниот развој на општеството, притоа разграничувајќи се во свои понапредни облици.

Поимното дефинирање на појавата трговија со луѓе го следи трендот на сопственото збогатување. Паралелно со развивањето на начините на остварувањето на трговијата со луѓе и целите поради кои истата се прави, доаѓа и до продлабочување на теоретизирањето околу она што претставува појавата, нејзините карактеристики и причинители. Се продлабочуваат и изменуваат и постојните дефиниции и законски дескрипции. Она што претставувала терминологијата „трговија со луѓе“ во меѓународните договори и конвенции во раните години на дваесеттиот век, денес дополнително е развиено во посебен меѓународно правен режим.

При дефинирање на оваа појава, неминовно е за појдовна точка да бидат земени меѓународните акти, кои дополнувајќи ја постојано содржината на овој поим, согласно новите сознанија за неа, ги одредуваат основните нејзини елементи. Од нив се гледа дека при дефинирањето секогаш се тргнува од поимот ропство, кој по својата содржина е поширок и во себе ја инкорпорира трговијата со луѓе. „Трговијата со луѓе првенствено претставува сериозно кршење на основните човечки права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забрана на суровиот и нехуман третман и слобода на движење

[40] Арнаудовски, Стојановски, Трговија со луѓе - криминалитет, стр. 85

3. Недозволена трговија со оружје

Недозволената трговија влегува во делот на кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Ова кривично дело се врши во доменот на прометот на стоки и вршење трговски услуги. Така неовластеното продавање, разменување, купување, произведување предмети или стоки од поголема вредност, чиј промет е ограничен или забранет, ја карактеризира недозволената трговија која е во спротивност со легалниот пазар кој е артикулиран со законски одредби, односно кој има правила по кои се вршат легалните трансакции. Недозволената трговија претставува еден од облиците на организираниот криминал, преку кој криминалците ги легализираат добивките стекнати од криминалните дејствија. Дејствувањето на организираните криминални групи, банди и здруженија е најсилно изразено во нелегалната трговија со најразлични висококриминални стоки, а особено со трговијата со оружје и трговијата со дрога, коишто претставуваат посебни облици на недозволена трговија, чија основна цел е стекнување профит од илегалните трансакции. Кога зборуваме за недозволената трговија како еден од облиците на организиран криминал, треба да имаме на ум дека станува збор за меѓународен облик на организиран криминал со транснационални елементи, што значи недозволената трговија со оружје се врши во повеќе земји, ваквите групи плански соработуваат со членовите во другите држави со цел собирање информации, воспоставување механизми за полесно извршување на кривичното дело и избегнување на законските прописи на државните органи.

4. Организиран криминал и елементи на криминалното здружување (криминална група)

Проучувањето на организираниот криминал, бандите (криминалните групи) и насилството од бандите, феноменолошките и етиолошките карактеристики на ваквите појави, спаѓа во доменот на кривичната наука, особено криминологијата. Во теоријата и праксата се прават напори да се разграничат, односно да се направи разлика меѓу бандите

и нивната деликвенција од повеќе (и помалку) тешки форми на колективен криминалитет. Истражувањата покажале дека првенственото формирање на бандите, поточно на малолетничките банди е резултат на „улична социјализација“ и социјална исклученост на лицата од најмала возраст.[41] Може да се каже дека насилството на бандите, главно е од тактичка природа за да се постигнат краткотрајни цели, додека, кога зборуваме за криминалните организации и криминални групи кои се организирани во злосторнички здружувања, мора да имаме на ум дека тука станува збор за насилство со постратешки механизми и тактики, сè со цел подолго да останат на црниот пазар и да дејствуваат во консолидирање долгорочни цели.[42] Многу автори нагласуваат дека бандите се помалку софистицирани и не се вистински играчи на пазарот, истите не постојат за да обезбедат редовна стока или професионални услуги, туку нивната цел е да извршат послабо организирани и добро испланирани злосторства без јасно дефинирани цели. Во праксата, линијата што ги разделува бандите (криминалните групи) и организираниот криминал, често станува нејасна. Посебно во праксата кога се решава еден конкретен случај од ваква природа, практичарите имаат проблем да направат дистанца помеѓу ваквите групи. Повторно мора да се има на ум динамиката и хетерогеноста на феноменот за кој станува збор. Криминалните организации од повисок ранг често се појавуваат надвор од бандите (а со тоа продолжуваат да ги користат нивните имиња и симболи) а исто така, може да регрутираат членови надвор во групата од надворешни банди, со цел ширење насилство или да се обезбеди друга услуга. Кога зборуваме за дефинирање на овие феномени, може да се каже дека разликата или разграничувањето помеѓу организираниот криминал, бандите (криминалните групи) е многу мала, не постои задоволителна дефиниција и поради тоа нема консензус во таа насока, за конечно разграничување на нивните карактеристики. Организираниот криминал и насилството на бандите (криминалните групи) може да се најде и во сиромашните и во богатите земји. Ваквите појави многу често стануваат сериозен проблем, посебно во урбаните средини, за државата и општеството. Различни национални и меѓународни закони се донесени за поефикасна борба против организираниот криминал,

[41] Petkan, I. Corruption, Contraband and Institutional Reform, PARI daily, 3 February 2003.
[42] http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Reports/Html/198.htm

со намера да се спречат и да се сузбијат ваквите организирани злосторнички здружувања, групи и банди. [43]

5. Поимно определување и инкриминирање на злосторничкото здружување

Самиот поим злосторничко здружување е тесно поврзан со организираниот криминал, но и покрај тоа и сериозноста која ја повлекува оваа контроверзна појава во казнените законодавства, долго време не постоеја одредби за поимот злосторничко здружување и за казнување на самото создавање или пристапување кон злосторничкото здружување. Како резултат на оскудните одредби во позитивното казнено законодавство, злосторничкото здружување не се сметаше како посебна форма на соучесништво или на соизвршителство. На овој начин беше очигледно дека не може да се спроведе ефикасна и ефективна борба против организираниот криминал. Инкримирањето на злосторничкото здружување, во последнава деценија е предмет на интензивна опсервација и измени, во правец на проширување на казнената одговорност за самото создавање и пристапување кон злосторничко здружување. Ваквата тенденција е поддржана и на меѓународните научни собири. Во Резолуцијата XVI од Меѓународниот конгрес за казнено право, Будимпешта од 1999 година, се препорачува инкриминирање на злосторничкото здружување за вршење на потешки кривични дела и воспоставување на посебна одговорност. Со тие правила не се навлегува, односно не се исклучува одговорноста на извршителството или на соучесништво во дела што се извршени од страна на здружението, ако може да се утврди конкретната одговорност на сторителите. Со усвојување на Конвенцијата од Палермо, се направи чекор напред кога станува збор за инкриминирањето на овој институт. Оваа Конвенција на државите потписнички им наметна обврска да го инкриминираат злосторничкото здружување за извршување на дела од „сериозен криминал“, така што се отстранети и последните недоумици, и е создадена основа за унифициран пристап на националните казнени законодавства во воведувањето на овој исклучително важен казнено-правен инструмент во борбата против организираниот криминал. Реализацијата на оваа обврска се

[43] Milosevič, G. Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji, Organizovani kriminalitet - stanje i mere zaštite, Beograd, 2005.

одвива на различни начини. Повеќето законодавства во Европа се определуваат за издвојување на злосторничкото здружение како посебно дело во посебниот дел од КЗ (на пример, Германија, Македонија, Швајцарија, Франција и други). Некои законодавства се одлучуваат за издвојување на фигурата на организаторот во посебниот дел од КЗ, што е карактеристика на некои источноевропски законодавства (Русија, Латвија, Чешка и други).

ГЛАВА 6

ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ

1. Анализа на истражувањето

Истражувањето беше спроведено со цел да се добијат конкретните податоци за организираниот криминал во нашата земја, но, исто така, во целост и да се определи профилот на групите, како и да се утврди типологијата на групите, за да може во понатамошни истражувања да се прават споредби со други такви групи од други држави и да се проучува подетално овој феномен. За да се извршат подетални истражувања за организираниот криминал, потребно е да се истражуваат и криминалните пазари и кластерите и криминалните групи. Така, ова истражување се фокусира на најниско можно ниво, односно на криминалните групи и нивните специфики кои ги содржат. Од истражувањето се добива општа слика за организираните криминални групи во РСМ со цел да видиме со какви групи се борат надлежните органи. Почетниот предизвик беше како да се соберат и од каде да се соберат податоци и информации за организираните криминални групи во РСМ. Одлучив да испратам прашалник до МВР, бидејќи како што дознав претходно, единствено тие вршат такво профилирање и тоа за сопствени потреби, каде вршат проценки за конкретните групи и истите ги рангираат за да бидат предмет на обработка и потоа нивно откривање и понатамошно процесуирање. Досега во РСМ не се правени научни истражувања да се добие и некаква макар и најопшта слика или каков било профил на организираните криминални групи. Овој проблем воопшто не бил предмет на истражување, а сметам дека и доколку се правеле претходно некакви обиди, би било многу тешко да се добијат некакви порелевантни податоци, бидејќи многу е тешко истите да се соберат поради тоа што таква обработка на податоци на посебно издвојување на организираниот криминалитет не правел никој државен орган, па и не било и предмет на истражување и од науката. Овие специфични податоци се слевале во вкупната бројка на криминалитетот и не се издвојувале посебно. Очигледно дека ова не е најсовршениот начин да се изврши профилирање на ОКГ во РСМ, бидејќи постои сепак во извесна мера и субјективен суд на лицата што го пополнувале прашалникот. Секако дека постои и „темна“ бројка, односно дека не можат да бидат предмет на профилирање сите ОКГ кои навистина постојат во реалноста, од причина што невозможно е да се откријат сите ОКГ, како што е

невозможно да се откријат сите сторители на кривични дела како поединци. Организираните криминални групи во секоја држава треба да се профилираат за да може да се определат нивните карактеристики и потоа да се истражува и да се прави анализа од научните и академските заедници, да се определат околностите во кои организираниот криминал работи и овие податоци и информации да се разменуваат помеѓу државите во регионите и на светско ниво. Сепак, транснационалниот организиран криминал, по дефиниција, работи преку националните граници. Информациите и податоците што се добиени за ОКГ во некоја држава може да се обезбеди само делумно одраз на реалноста. Криминалните групи ги претставуваат самите блокови во зградата на системот на организираниот криминал. Треба да се напомене еден методолошки проблем, кој се однесува на овој труд, а тоа е дека собраните податоци за организираните криминални групи ќе бидат поизразени за истакнатите криминални групи во јавноста и поголемите групи, за сметка на помалите групи и тие што не се експонираат толку во јавноста, од причини што првите се позабележливи и полесно може да се откријат, додека другите се тешко забележливи сами по себе и многу потешко се откриваат. Ова значи дека и овде постои „темна“ бројка која секако не е занемарлива. Постојат можеби многу поголем број такви групи, но за да се профилираат, треба да бидат откриени од надлежните органи.

Организираните криминални групи се динамични и сè почесто имаат лабави структури и не изгледаат како структурирани хиерархии, коишто полесно се воочливи и релативно полесни за откривање. Така, поради лабавите врски во криминалните мрежи многу потешко е да се открие целата група и е потребно подолго време за следење и откривање. Дејствувањата на криминалните мрежи, честопати наликуваат на легално работење, па така нивните активности сè почесто се испреплетуваат со легални работи и тоа го прави уште потешко откривањето на овие групи. За дел од групите, одредени податоци се добиени само врз основа на информации од полициските соработници, некои се добиени од полициски оперативни активности, но ваквите податоци за да бидат 100 % сигурни, потребно е да се завршат судски постапки, преку кои навистина ќе се докаже дека ОКГ навистина ги имала тие карактеристики. Нивото на детали содржани во прашалникот е поедноставено со цел да се олесни понатамошната анализа и да се изврши полесна споредба на податоците. Бидејќи се дадени веќе подготвени „одговори“, тој што го пополнува

прашалникот треба да одбере веќе понуден „одговор“, па така подетален опис за конкретни карактериститки за ОКГ уште во самиот старт се исклучени. МВР, Бирото за јавна безбедност - Центарот за спречување на организиран и сериозен криминал Скопје, профилирале десет криминални групи, од кои седум за 2020 година и три за 2019 година и истите имаат влијание на регионално и меѓународно ниво. За овој труд ми беше потребно да се определи профилот на организираните криминални групи во РМ, така што во прашалникот во табелата во 10-те рубрики да се пополнува со големите печатни букви „А, Б, В, Г и Д“.

1. За рубриката „Структура“ да се напише **А** за групи со т.н. **стандардна хиерархија**, каде што има еден шеф и е јасно поделена хиерархијата, организирана или поделена на делови кои се управувани од еден центар и постои силен систем на дисциплина во групата, позната е под специфично име, постојат социјални или етнички врски помеѓу лицата и имаат влијание и контрола врз определена територија, со **Б** за групи т.н. **регионална хиерархија**, каде има една водечка структура што командува како центар, одреден степен на самостојност на регионално ниво, имаат повеќе криминални активности и често се социјални или етнички поврзани лицата меѓу себе, односно има регионални структури со сопствени водачи и со степен на самостојност во функционирањето на делови од сруктурата, со **В** за групи т.н. **кластерирана хиерархија** или хиерархиски конгломерати, коишто се релативно ретки и каде се работи за организација од криминални групи со единствено тело кое раководи со истите и со флексибилни и лабави врски помеѓу групите, групите секоја посебно има свои самостојни активности, со **Г** за групи т.н. **јадрена група**, каде постои јадро на групата што командува и е опкружено со лабава мрежа, хоризонтална структура и каде постои група како јадро каде врските помеѓу лицата се лабави и често бројот на лицата е мал, ретко има специфично име и ретко е социјално или етнички поврзана и со **Д** за групи т.н. **криминална мрежа,** каде врските во мрежата се лабави и каде лицата не се гледаат како организиран криминален ентитет, односно постојат дефинирани активности на лицата како индивидуи кои извршуваат одредени задачи поврзани со нивните лични способности, личните поврзувања и лојалност се почести од социјалните или етничките, мрежата опстојува со соработка околу серија криминални проекти, ретко е

позната под специфично име и мрежата се реформира по излегување од истата на клучни поединци.

2. За рубриката „Големина“ треба да се даде податок за вкупниот број на лица што се здружени или поврзани на кој било начин и така во табелата да се пополни со **А** ако групата има до 20 лица, со **Б** ако групата има од 20 до 50 лица, со **В** ако групата има од 50 до 100 лица и со **Г** ако групата има повеќе од 100 лица.

3. За рубриката „Активности“, треба да се напише **А** доколку групата има само една главна активност, односно се занимава само со одредена активност (на пример, трговија со луѓе), со **Б** доколку има две или три главни активности и со **В** доклку групата има повеќе активности.

4. За рубриката „Ниво на прекугранични операции“, да се напише **А** доколку има ограничување на една или две држави, **Б** доколку има операции на три или четири држави, **В** доколку има операции во пет или повеќе држави и **Г** доколку нема прекугранични операции.

5. За рубриката „Идентитет“, да се напише **А** доколку групата не е организирана на социјално или етничко ниво, односно доколку врските меѓу лицата не се силно социјални или етнички поврзани, да се напише **Б** доколку постои поврзување на социјална основа каде лицата имаат блиски социјални интереси и социјален статус и со **В** доколку групата е поврзана на етничка основа или семејна основа и организирана на лица од иста етничка група/регион или држава.

6. За рубриката „Ниво на насилство“ да се напише **А** доколку групата не користи или малку користи насилство, да се напише **Б**, доколку групата повремено и во одредени прилики користи насилство и **В** доколку групата насилството редовно го користи за своите криминални активности.

7. За рубриката „Употреба на корупција“ да се напише **А** доколку групата не употребува корупција или само малку ја користи, да се напише **Б** доколку групата повремено или во

одредени прилики користи корупција и **В** доколку ја користи редовно корупцијата за своите главни активности.

8. За рубриката „Влијание во политиката“ да се напише **А** доколку групата нема никаво влијание во политиката, да се напише **Б** доколку групата има политичко влијание на локално ниво или регионално во државата, да се напише **В** доколку има влијание на национално ниво во државата и да се напише **Г** доколку групата има влијание и во други држави во политиката.

9. За рубриката „Навлегување во законската економија“ да се напише **А** доколку нема никакви активности или тие се многу мали, да се напише **Б** доколку постојат инвестирања во законити активности и **В** доколку групата постојано има испреплетени незаконски и законски активности.

10. За рубриката „Ниво на соработка со други организирани криминални групи“ да се напише **А** доколку нема соработка со други организирани криминални групи, да се напише **Б** доколку има соработка со други групи во државата, В доколку има соработка со други групи во странство и **Г** доколку има соработка со други групи и во државата и во странство.

Доколку групата била позната под некакво име во јавноста, истото требаше да се напише во табелата.

МВР Бирото за јавна безбедност - Центарот за спречување на организиран и сериозен криминал, Скопје ми дадоа податоци согласно моето барање, со исклучок на податоци за влијанието на ОКГ во политиката, бидејќи такви податоци немале за конкретните ОКГ за конкретниот период.

Табела бр.1: Определување на профилот на организираните криминални групи во РМ


Име на организираната криминална група	Структура	Големина	Активности	Ниво на прекугранични и гранични операции	Идентитет	Ниво на насилство	Употреба на корупција	Влијание во политиката	Навлегување во законската економија	Ниво на соработка со други организирани криминални групи
1.ОКГ инволвирана во недозволена трговија со дрога - хероин	Б	А	А	В	В	А	А	/	А	В
2. ОКГ инволвирана во недозволена трговија со дрога - хероин	А	А	А	Б	В	А	А	/	В	А
3. ОКГ инволвирана во фалсификување платежни картички	Д	А	А	Б	Б	А	А	/	А	В
4. ОКГ инволвирана во криумчарење мигранти	Б	А	А	В	Б	А	А	/	Б	Г
5. ОКГ инволвирана во	А	Б	А	Б	Б	А	А	/	Б	В

криумчарење мигранти										
6. ОКГ инволвирана во меѓународна трговија со украдени возила	Б	А	А	Б	Б	Б	А	А	/	Б
7. ОКГ инволвирана во криумчарење културни добра	Д	Б	А	В	В	А	Б	/	В	В
8. ОКГ инволвирана во криумчарење цигари	Д	Б	А	Б	В	А	Б	/	В	В
9. ОКГ инволвирана во криумчарење цигари	А	В	А	В	В	В	В	/	В	В
10. ОКГ инволвирана во криумчарење мигранти	Д	А	А	В	В	А	А	/	А	В
Име на организираната	Структура	Големина	Активности	Ниво на прекугранични и гранични операции	Идентитет	Ниво на насилство	Употреба на корупција	Влијание во политиката	Навлегување во законската економија	Ниво на соработка со други организирани

криминална група										криминални групи

По анализата на податоците, може да се утврди дека за конкретниот период во РМ имало три ОКГ инволвирани во криумчарење мигранти, две ОКГ инволвирани во недозволена трговија со дрога - хероин, две ОКГ инволвирани во криумчарење цигари, и по една ОКГ инволвирана во фалсификување на платежни картички, меѓународна трговија со укредени возила и криумчарење културни добра.

Структурата на ОКГ во конкретниот период главно е „криминална мрежа“ и тоа 4 групи ја имаат оваа структура, што ги следи светските трендови, но исто така значително е и присуството на „стандардната хиерархија“ и „регионалната хиерархија“, така што по три групи имаат од овие видови на структури, додека „кластерирана хиерархија“ и „јадрена група“ како вид на структура кај конкретните групи не е утврдена.



Графикон бр.1: Структура на криминалните групи

Големината на ОКГ главно е мала, односно до 20 лица. Така, од вкупно десет, шест групи се со мал број членови (од три до дваесет лица), додека три групи се од 20 до 50 лица и само една група има од 50 до 100 лица.




Графикон бр.2: Големина на криминалните групи

Кај сите ОКГ има само една главна активност, односно се занимаваат само со одредена активност, што значи дека се специјализирале за вршење на конкретната активност. Така тие се поефикасни во нивното дејствување.



Графикон бр.3: Број на активности на криминалните групи

Нивото на прекугранични операции на ОКГ е средно и високо, па половина од групите имаат операции на три или четири држави, а другата половина од групите имаат операции во пет или повеќе држави, што значи дека овие групи се доста активни во регионот и пошироко.



Графикон бр.4: Ниво на преку гранични операции


Идентитетот на ОКГ главно е поврзан на етничка или семејна основа и е организирана од лица од иста етничка група. Така се организирани 6 групи, додека останатите 4 групи се поврзани на социјална основа, каде лицата имаат блиски социјални интереси и социјален статус.



Графикон бр.5: Идентитет


Нивото на насилство кај ОКГ е многу ниско, односно осум од групите не користат или малку користат насилство, а постои една група што повремено и во одредени прилики користи насилство и една група насилството редовно го користи за своите криминални активности. Така, може да се заклучи дека ОКГ во РМ се групи кои главно не сакаат да привлекуваат внимание и не го користат насилството јавно, споредбено со Бугарија, каде групите се исто така ненасилни, според извештаите на Европол,[44] што значи дека дејствуваат пософистицирано и прикриено.

[44] EUROPOL, OCTA 2009, EU Organised crime threat assessment достапно на www.europol.europa.eu



Графикон бр 5: Ниво на насилство

Навлегувањето во законската економија на ОКГ во РМ, според податоците од МВР, е релативно големо. Само три од групите немаат никакви активности или тие се многу мали, додека кај четири групи постојат инвестирања во законити активности и кај три групи постојано има испреплетени незаконски и законски активности.



Графикон бр.6: Навлегување во законската економија

Нивото на соработка на ОКГ во РМ со други ОКГ е главно високо во соработката со ОКГ од странство, па така седум од групите соработуваат со 152 други ОКГ во странство, две од групите имаат соработка со други групи и во државата и во странство, а само една група нема соработка со други организирани криминални групи, односно таа дејствува сама и во странство.

2. Дискусија

На крај сакам да истакнам дека иако не е обработуван голем број на ОКГ и периодот исто така не е голем, но ова истражување, од ваков вид, е прво, така што во иднина можат да се прават подетални и пошироки истражувања, ако се има предвид дека МВР прави профилирање на ОКГ. Сметам дека од 2005 година па наваму, поинтензивно се истражува организираниот криминал, па така откако ќе се собираат и потоа анализираат податоците, ќе може полесно да се прават вакви и слични истражувања. Инаку поради специфичноста

на организираниот криминал и исто така специфичното следење и откривање на овој вид криминалитет и посебноста на обработката на податоците за истиот е многу тешко да се направат подетални анализи. По добивањето на поопшта слика е добро истата да се спореди со вакви слични истражувања во светот за да може да се утврди каде се сличностите, а каде се посебностите на појавата на овој вид на криминалитет во нашата држава.

3. Интерпретација на анкетниот прашалник

Во РМ за профилот на ОКГ, генерално врз основа на табелата бр.1, може да се каже дека тоа се групи од видот на криминални мрежи, како и стандардна и регионална хиерархија. Главно се работи за помали групи од 3 до 20 лица, и групите имаат една главна криминална активност по која се препознатливи. Групите се со средно и високо ниво на прекугранични операции, и најчесто се поврзани на етничка основа или семејна основа и се организирани од лица од истата етничка група. Групите многу малку користат или главно не користат насилство и корупција, имаат релативно големо навлегување во законската економија и имаат високо ниво на соработка со други ОКГ од странство. Ова се најчестите карактеристики на ОКГ што се анализирани во ова истражување. Податоците наведени погоре обезбедуваат само еднодимензионален преглед на организираните криминални групи, кои се предмет на истражувањето. Во табелата бр.1 погоре се дадени детали за сите профилирани групи. Детали на сите групи се презентирани во однос на бројот на клучните варијабли. Тие вклучуваат: структура, големина, активности, ниво на прекугранични операции, идентитет, ниво на насилство, употреба на корупција, навлегување во законската економија и ниво на соработка со други организирани криминални групи. Единствено нема податоци за влијанието во политиката на овие групи, но за точна процена на степенот до кој криминалната група има политичко влијание, е практично невозможно да се утврди, и за ова е потребно да постојат конкретни показатели дека навистина постои такво влијание било на локално или на државно ниво. Со ова се добива општ профил на секоја од групите и истиот е и првична и општа слика за групата со која треба да се справат надлежните

органи. Може да се смета дека десетте криминални групи се репрезентативен примерок за определување на профилот на ОКГ во РМ за конкретниот период, бидејќи се работи за ОКГ со влијание на регионално и меѓународно ниво, што биле предмет на обработка од МВР за конкретниот период.

ГЛАВА 7

БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како нашето, така и кривичните законодавства во повеќе држави во светот, го имаат инкриминирано злосторничкото здружување. Овие одредби, во зависност од општите услови во државите и нивните правни системи, се наоѓале во функција на помало или поголемо успешно справување со организираниот криминал. Организираниот криминал како криминална појава постојано се развива, ги менува облиците, се шири и навлегува во многу подрачја во општеството. Затоа се бара постојано следење и проучување на оваа појава и се поставува прашањето: Дали казнено-правните одредби се доволни и дали истите на соодветен начин ја покриваат криминалната зона на организираниот криминал за успешно справување и спречување на истата? Одговорот на ова прашање е негативен и упатува на тоа да се создаде систем на казнено-правни норми и прописи кои ќе овозможат успешно покривање на сите области од животот каде што се појавува организираниот криминал. Тој систем подразбира збир од специфични мерки и постапки, јасно дефинирани и прецизни, за секој орган што учествува во казнено-правното спречување на организираниот криминал од полицијата и другите органи на откривање, преку Јавното обвинителство до судството.

Организираниот криминал поради неговите карактеристики наложува потреба од негово постојано следење и проучување со соодветни научни методи. Методологијата на истражувањето на појавните форми на организираниот криминал се соочува со повеќе проблеми. Во РМ покрај неоткриениот криминал, и кај голем број дела што влегуваат во „познатиот“ криминал, останува непознато нивното (не)организирано извршување, зашто статистиката едноставно не ги регистрира податоците за заедничко извршување на казнените дела. Во овој труд е прикажана и меѓународната правна рамка за борба против организираниот криминал во нашата држава. Без познавање на специфичните форми и облици на организираниот криминал, нема негово успешно откривање и спречување. Како што е важно за органите на прогон за поуспешно извршување на нивните надлежности да го знаат профилот на сторителот (како поединец) на казнени дела, така се наметнува и нужна потреба од профилирање на организираните криминални групи за поуспешна борба против организираниот криминал. Таму каде што постои организираниот криминал, се

поставува прашање дали државата функционира врз принципот на владеење на правото, посебно ако во тие криминални активности се вмешани и државни функционери. Правната држава се темели на основа во сите општествени односи, процеси и појави, во сите облици на функционирање на државата и во сите сегменти на остварувањето на правата и слободите на граѓаните, да владее правото. Правната држава значи дека во секое уредено општество, до кој било степен, мора да владеат законите со кои спротивставените политички и други интереси се регулираат со прописи и со пропишана процедура. Во правната држава мора да бидат загарантирани правата, не само по декларативен пат. Начелото на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, треба да е обезбедено и не треба една од властите да се наметнува над останатите власти. Тоа посебно се однесува на судството во РМ, чија самостојност и независност е разнишана од наметнувањето на разни начини на останатите две власти над него, во подолг период од осамостојувањето на државата. Во правната држава секој што врши власт, истата треба да ја врши исклучиво во рамките на законот (правото), чија основна цел е да ја ограничи моќта од кој било вид, а контролата врз доследната примена на правото и законот ја вршат судовите низ законски пропишани судски постапки. Владеењето на правото треба да се темели на почитување од страна на вршителите на власта на политичките и граѓанските права и слободи на луѓето во целина.

Во борбата против организираниот криминал секаде во светот, па и кај нас, се користат и посебни истражни мерки. Со овие мерки директно се засегаат правата и слободите на човекот, па затоа посебно е важно да се истакне дека за примената на истите треба прецизно и јасно да е одредено како ќе се спроведуваат, за да не дојде до непотребно навлегување во приватноста на граѓаните со следење на комуникациите и непотребно и неосновано прекршување на загарантираните уставни и законски права и слободи што ги имаат граѓаните.

Тероризмот треба да се гледа како израз на политичката стратегија и соодветно да се дефинира како тајно дејствување на поединци, нелегални организации преку нелегална

употреба на сила или насилство врз лица или имот за да се изврши притисок врз владата, цивилите или некои од нив за да се постигне или социјални цели.[45]

Терористичките акции на одделни организации имаат за цел да привлечат внимание на проблемите на овие групи и фракции, а најсоодветен начин за постигнување на овие цели се убиства на претставници на државни организации, како и невини граѓани и напади врз социјални добра.

Правната и институционалната рамка е поставена така, вклучително и Законот за кривична постапка, со цел да се подобрат капацитетите за справување со случаите во кои постои комплексен организиран криминал и корупција со зајакнување на улогата на Јавното обвинителство, создавање правосудна полиција, насочување на истражната фаза и воведување истражни техники. Исто така, постои активна регионална и меѓународна соработка, преку Евројастис и Европол. Европската конвенција за заедничка помош за криминални прашања беше потпишана во 1999 година, Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал беше потпишана во декември 2000 г., а ратификувана во јануари 2005 година. Истата година беа ратификувани два (I и II) дополнителни протоколи: Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на криумчарењето луѓе, особено жени и деца, кој ја надополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарењето мигранти на копно, море и воздух, кој ја дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал. До денес, Македонија ги потпишала и ратификувала: Конвенцијата на ОН за недозволена трговија на наркотици и психотропни супстанции, Конвенцијата Медира на ОН против корупцијата, Конвенцијата на Советот на Европа за перење пари, откривање и заплена на приноси од казниво дело и Конвенцијата на кривичната постапка за корупција. Севкупно, земјата, спроведува континуирани реформи кои ќе овозможат ефикасна примена на мерките на ЕУ во областа на транснационалниот криминал. Законската уреденост на материјата Правната рамка на Република Македонија, заедно со Кривичниот законик и Законот за кривична

[45] Славевски Т. Организиран криминал и корупција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1-2, Скопје 2006,

постапка, се поставени така, за да ги подобрат капацитетите за справување со случаите на организиран криминал и корупција. Се зајакнува улогата на Јавното обвинителство, се создава правосудна полиција, со насочување на истражната постапка и се воведуваат нови техники, со кои би се подобрила борбата против организираниот криминалитет. Принципите на практично работење и одвивање на постапката за прогон на сторителите на некаков организиран криминалитет, се вметнати во Законот за кривична постапка на РМ. Кривичниот законик, во оваа насока, го инкриминира и самото здружување со цел вршење на кривични дела (злосторничко здржување, КЗ член 394). Освен ова, КЗ содржи и мноштво други инкриминации со кои се предвидува казнивоста на организираниот криминал во РМ (перењето пари - член 273, трговија со наркотици - член 215, трговија со луѓе - член 418 и 418-г, криумчарење - член 278, недозволена трговија - член 277 и сл.). Самата борба против организираниот криминал не е конципирана во еден член од КЗ или во само една глава. Сериозноста на материјата условува да дојде до „разлевање“ на казнената политика низ сите познати појавни облици на ваквиот криминалитет и нивните законски инкриминации и самото дело да се казнува построго.[46] Самото здружување заради вршење на одредени дела е самостојно подготвително дејствие, кое и без конкретно дејствување е казниво. Самото тоа е сосем релевантно за укажување на круцијалноста за започнување за решавање на проблемот. Република Македонија ги има ратификувано Конвенцијата на Обединетите нации против транснационален организиран криминал (the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, понатаму во текстот UNTOC) и двата Протокола од Палермо во однос на трговијата со луѓе и на трговијата со мигранти, на 12 јануари 2005 година. Земјата потоа ги вгради обврските од UNTOC и нејзините протоколи во сопственото домашно законодавство.

Во Република Македонија најчесто откриван облик на организиран криминал, за кој е водено постапка и е донесено осудителна пресуда, е трговијата со луѓе. Потоа злосторничкото здружување, па неовластено производство и трговија со наркотици. Осудителните пресуди за дела поврзани со јавната корупција не се толку чести.

[46] Petkan, I. Corruption, Contraband and Institutional Reform, PARI daily, 3 February 2003.

Законски решенија

Останати законски решенија кои имаат поврзаност со сузбивање на некои од облиците и подоблиците на организираниот криминал се:

• Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции – се забранува одгледување, производство, промет, посредување и употреба на супстанции и растенија и нивни препарати, освен во медицински или научни истражувања или во судско-медицински, наставни или полициски намени.

• Законот за оружје од 2005 година - дефинирањето на оружјето, видовите на оружје и законската рамка за условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, промет, превоз и пренесување преку државните граница на оружје и муниција.

▪ Законот за доброволно предавање и собирање огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето од 2003 година, со цел постигнување на национална стабилност преку разоружувањето и доброволно предавање. Законот гарантира анонимност на граѓаните кои го предале оружјето, а исто им гарантира дека против нив нема да биде поведена прекршочна или кривична постапка. Законот предвидуваше и легализација на оружјето преку поднесување на барање за легализација и со исполнување на законските предвидени услови за добивање на дозвола за оружје.

▪ Закон за прекршоци против јавниот ред и мир.

▪ Законот за полиција.

▪ Законот за судови.

▪ Законот за Јавно обвинителство.

▪ Законот за спречување на перење на пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам.

Меѓу подзаконските акти, релевантни се:

▪ Правилникот за видовите на оружје кои можат да се набавуваат врз основа на одобрение и за значењето на одделни видови на оружје од А и Д категорија, кој содржи прецизни дефиниции за поделбата на оружјето по категории и таксативно набројување на тоа кои видови оружје во која група припаѓаат.

▪ Правилникот за начинот на пренесување на оружје и муниција преку државна граница, кој содржи одредби за тоа на кој начин е дозволено да се внесе оружје во Република Македонија – преку регулирани постоечки гранични премини, каде што постојано има гранична контрола и притоа јасно да се нагласи дека сака да се внесе оружје, при што истото оружје ќе го предаде на увид на официјалните лица, а воедно и ќе приложи соодветна документација.

• Правилникот за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите со кои се врши производство и поправање, односно промет и складирање на оружје и муниција, кој е донесен во координација со Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија и содржи детални одредби за тоа какви и колку простории треба да имаат овие објекти, на кој начин и од кои материјали треба да бидат изградени, уреден е начинот на обезбедување и начинот на заштита од природни временски непогоди.[47]

Успешната борба против организираниот криминал условува извршување на законските надлежности во целост од страна на секој орган во државата, којшто има за цел сузбивање на организираниот криминал. Сите државни органи, со својата работа, мора да придонесуваат кон ваквата борба, сепак, оние кои имаат најголеми ингеренции и надлежности се: Јавното обвинителство, Полицијата, судството, Финансиската полиција,

[47] Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – нови теоретски димензии и практични консеквенции, методика на откривање и докажување, Скопје, 2009

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Управата за јавни приходи, Царинската управа, Агенцијата за разузнавање и слично.

ЗАКЛУЧОК

Во ова истражување се потврдува хипотезата дека организираниот криминал е присутен во Република Северна Македонија, и дека има многу сличности помеѓу организираниот криминал и тероризмот.

Организираниот криминал не може едноставно да се идентификува само како криминалната активност на организирана група. Тој е еден од најкомлексните и во своето внатрешно битие длабоко противречен поим. Неговата длабока противречност се гледа во трансцеденталниот карактер. Организираниот криминал сè повеќе и повеќе станува транснационален и претставува глобална закана.

Дефинирањето на организираниот криминал од кој било пристап - криминолошки, казнено-правен, меѓународно-правен итн., претставува најголем проблем. Дефинирањето на поимот организиран криминал денес има особено значајна криминално политичка функција - поставување на казнено-правна рамка за пропорционален одговор на сè потешките и поорганизирани облици на криминал со подигање на ефикасноста на мерките на превенција, на откривање и на гонење. Со дефинирањето на организираниот криминал, како и со другите „нови форми“ на криминал (корупцијата, перењето пари итн.), се случува една интересна појава - главното влијание во борбата против овие појави да доаѓа од страна на меѓународната заедница, што е несомнено реакција не само на неизедначениот пристап на државите, туку и на фактот дека тоа е единствениот начин државите, кои и самите се криминализирани, да се присилат да преземат определени мерки за превенција и за репресија на криминалот. Напорите на меѓународната заедница во тој правец се финализирани со усвојувањето на Конвенцијата на Организацијата на обединетите нации (ООН) против транснационалниот организиран криминал од 2000 година (Конвенцијата од

Палермо), во која како организиран криминал се дефинира активноста на криминалните групи. Декларираната цел на Конвенцијата е „да се промовира соработка за спречување и борба против транснационалниот организиран криминал“. Бидејќи ефикасноста на таквата соработка зависи од спроведувањето на заеднички законски стандарди, Конвенцијата ги обврзува државите да го криминализираат учеството во организирана криминална група, корупцијата, перењето на приноси од криминал (перење пари) и опструкција на правдата. Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал не утврдува правна дефиниција за (транснационалниот) организиран криминал.

Како што видовме, за таа цел би било невозможно да се постигне консензус. Но, може да се заклучи дека Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал е најважниот и сеопфатен меѓународен инструмент за борба против организираниот криминал. Како што ги обврзува државите да ги криминализираат споменатите дела „независно од транснационалната природа или вклучувањето на организирана криминална група“, нејзиното влијание го надминува подобрувањето и унапредувањето на меѓународната соработка против транснационалниот организиран криминал и со тоа помага да се создаде „заеднички јазик во борбата против организираниот криминал“ воопшто.

Според мое лично видување, под поимот организиран криминал подразбирам незаконски активности што се извршени од организирана криминална група која постои одреден временски период со цел извршување на сериозен криминал и со цел директно или индиректно да се добие финансиска или друга материјална корист или моќ, а при извршувањето на сериозниот криминал групата да користи заплашување, насилство, корупција, перење пари, директна или индиректна контрола над политиката - властите, медумите и економијата - стопанските активности, како и употреба на други средства за постигнување на целите.

Злосторничкото здружување е посебно опасна форма на подготвително дејствие за извршување повеќе кривични дела. Неговата суштина се состои во мобилизирање, организирање на повеќе лица за заедничка акција, врз основа на претходно подготвен план. Инкриминирањето на злосторничкото здружение, како своевиден повисок облик на

соучесништво, претставува солиден кривично-правен одговор на барањата за поефикасно справување со организираниот криминал. Но, на начин како што е инкриминирано злосторничкото здружување во нашиот КЗ (види чл.394) како првична забелешка, којашто самата по себе се наметнува, е тоа дека освен првиот константен елемент од генеричкиот поим за организираниот криминал (учество на најмалку три лица), другите три константни елементи не се експлицитно наведени во односната одредба. Со одредбата за злосторничко здружување не е предвиден еден од константните елементи за генеричкиот поим за организираниот криминал, а тоа е вршењето на сериозни кривични дела. Во истата одредба не е предвиден, условно кажано, најбитниот константен елемент - целта поради којашто се вршат кривични дела од страна на организираниот криминал, а тоа е стекнувањето на финансиска или друга материјална корист или моќ. Може да се подразбира таквата цел, но определени злосторнички здруженија можат да бидат насочени кон криминални активности, коишто немаат за цел стекнување на финансиска или друга материјална корист или моќ.

Потребно е и да се прават подетални истражувања на профилите на организираните криминални групи, бидејќи многу е важно да се знае со што треба да се борат надлежните државни органи и со тек на време со научно истражување да се дојде до формулирање на генерални и на научно верифицирани заклучоци, кои би можеле да се земат за основа за унапредување на казнено-правната регулатива во иднина. Така и долнителните квантитативни (број на припадниците) или квалитативни обележја (начин на организираност, дејствување итн.) на криминалните групи да станат релевантни за казнено-правниот третман во иднина.

Може да се заклучи дека справувањето со организираниот криминал е практичен и теоретски предизвик што вклучува високо комплексни и динамични појави. На предизвикот на организираниот криминал, мора да се одговори со добро организирана активност, како на национален, така и на поширок меѓународен план. Според тоа, по повеќе од еден век внимателно испитување, владините службеници и истражувачите на оваа област не успеале да пронајдат конечно функционално решение за справување со организираниот криминал. Малку е веројатно дека општеството некогаш ќе биде целосно исчистено од него.

Контролата на организираниот криминал треба да се гледа како една постојана задача, слична на чистењето на отпадот, така што секој ден се идентификува, се собира и се исфрла.

И за крај, согледувајќи ги реалните состојби, динамиката, формите и поврзаноста на организираниот криминал со легалните економски, политички и други активности во иднина, во нашата држава треба да се изгради систем на превенција и на репресија на организираниот криминал, кој би требало да се потпира на научни истражувања, засновани на прецизни статистички податоци и показатели со студии на случаи за да се добие прво една првична слика за феноменот и потоа да се реагира соодветно за поефикасна борба против истиот.

Ако сакаме успешно да се справиме со организираниот криминал, мора да бидеме активни во повеќе правци:

- Потребно ни е адекватно знаење за еволуирањето на организираниот криминал и за таа цел неопходно е да се поврзат различните субјекти и тоа правосудството, агенциите за спроведување на законите (Полиција, Финансиска полиција, УЈП итн.), научните институции итн.;

- Потребна е меѓународна соработка со хармонизација на законите, постапките и активностите на надлежните органи за борба против овој вид криминал;

- Превенција која ќе се однесува на структурните причини за ширењето на организираниот криминал и тоа сиромаштијата, негативните последици што произлегуваат од економијата, поврзаноста со институциите, јавните функционери итн..

Така насочена, борбата против организираниот криминал ќе стане дел од глобалната политика за демократија, соживот и развој, осигурувајќи задоволување на основните потреби за сите луѓе.

Користена литература

1) Арнаудовски, Стојановски, Трговија со луѓе - криминалитет
2) Арнаудовски, Љ. Криминологија, организиран криминалитет – феномен на денешницата, види повеќе во Криминологија, Скопје, 2007 година, Арнаудовски, Љ., Предавања по социјална патологија, Скопје, 1983 Беким, Н., Трговија со човечки органи, Трговија со луѓе - правни апекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година
3) Биљали, А., Меѓународните и националните аспекти на трговијата со жени и нејзината поврзаност со проблемот на проституцијата, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година,
4) Георгиевски, Љ., Култура на корупцијата, Дневник, 16 август 1999, Данаилов, В., Трговија со луѓе – криминален бизнис со робовладетелски лик, Меѓународна организација за миграции мисија во Скопје, Скопје, 2001
5) Ѓуркова, О., Казнена постапка за коруптивни кривични дела во римското право, Монографија, Алфа 94, Скопје, 2010, Европска комисија.
   Извештај за напредок на ЕУ за Македонија, 2014. Достапно на: http://ec.europa.eu/enlargement/pdf/key_documents/2014/20141008-the-formeryugoslav-republic-of-macedonia-progress-report_en.pdf
6) Јаниќевиќ, Н., Трговија со луѓе, Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе - правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007
7) Јетон, Ш., Фактори на трговијата со луѓе, особено со жени,
8) Трговија со луѓе - правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, 2007 година, Камбовски, В., Казнено право – општ дел, Правен Факултет Скопје, 2011 година

9) Камбовски, В., Организиран криминал, 2-ри Август, Штип, 2005 година Камбовски, В., Правна држава и организиран криминалитет, Правен факултет, Јустинијан Први, Скопје, 1996 година.
10) Камбовски, В., Спречување на корупцијата, Криминално – политички основи и законодавен модел), Македонска ревија за казнено право и криминологија, 1998, стр. 6
11) Кацаров, А., Казнено-правни и криминолошки аспекти на феноменот корупција, Дипломски труд, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“, 2018
12) Котовчевски, М., Облици на криминално делување на транснационалниот организиран криминал, Институт за одбранбени и мировни студии, Филозовски факултет, Скопје, 2008 година
13) Котовчевски, М., Национална безбедност, Скопје, Лабовиќ М. Власта корумпира, Скопје 2006
14) Лабовиќ, М., Николовски, М., Организиран криминал и корупција – нови теоретски димензии и практични консеквенции, методика на откривање и докажување, Скопје, 2009
15) Милошевска, Т., Безбедносни аспекти на трговијата со луѓе во Југоисточна Европа, Институт за одбранбени и мировни студии, Филозофски факултет
16) Михајлова, Е., Перењето пари и друга противправна имотна корист - влијанието врз финансискиот систем, превенција и искуствата од другите земји, МРКПК,бр. 1/97
17) Archer, C. Aspects of Soft Security, in Ojaneh Hanna (ed.), The Northern Dimension: Fuel for the EU?, Helsinki + UPI&IEP, program on the Northern Dimension of the CFSP.
18) Бакрески, О. Нов меѓународен поредок, списание „Одбрана“, вол.XII, бр.91, 2003.
19) Beetham, D. in (Allum, Felia and Renate Siebert, Eds.), Organized Crime and the Challenge to Democracy, London: Routledge, 2003.
20) CARPO Regional Project, Update of the 2006 Situation Report on Organized and Economic Crime in South-eastern Europe, European Commission, Council of Europe, Strasbourg, June 2007.
21) Castle, A. Transnational Organized Crime and International Security, Institute of International Relations, The University of British Columbia, Working Paper No.19, November 1997.

22) Chambliss, W. Organized Crime and 21st Century. Centre for CriminologyFaculty of Social Sciences, The University of Hong Kong, 1999.
23) Duncan, P. Macedonia's Quest for Security and Stability, Current History, March 2000.
24) European Union Organised Crime Situation Report, European Commission, Council of Europe, 2005.
25) Hislope, R. Corrupt Exchange in Divided Societies: The Invisible Politics of Stability in Macedonia, Department of Political Science, Union College, Paper prepared for the Southern Political Science Association 77th Annual Conference, January 5-7, 2006.
26) International Crisis Group (ICG), Macedonia's Public Secret: How Corruption Drags the Country Down, Balkans Report no.133, 14 August 2002, достапно на: http://www.southeasteurope.org.
27) Извештај на Центарот за истражување на демократијата, Партнери во криминалот: Ризикот од симбиоза помеѓу безбедносниот сектор и организираниот криминал во Југоисточна Европа (2004) и извештаите на ICG Србија: Вртење на тркалата (2005) и Салтото на Србија (2004).
28) Камбовски, В. Организиран криминал, 2-ри Август Штип, Скопје, 2005.
29) Котовчевски, М. Организираниот криминал - најсериозна закана за националната безбедност на Република Македонија и за нејзините евроатлански интеграции, во Република Македонија помеѓу самитот во Рига и членството во НАТО, Министерство за одбрана на Република Македонија, 2007.
30) Lupsha, P. Transnational Organised Crime versus the Nation-State, Transnational Organized Crime, 2/1, 1996.
31) Massari, M. Transnational Organized Crime between myth and reality: the social construction of a threat, in (Allum, Felia and Renate Siebert, Eds.), Organized Crime and the Challenge to Democracy, London: Routledge, 2003.
32) McKinsey, K. Yugoslavia: NATO, US Pledge to Uphold Stability in Macedonia, Radio Free Europe/Radio Liberty, April 19, 1999.
33) Milosevič, G. Uzroci i pojavni oblici sive ekonomije u Srbiji, Organizovani kriminalitet-stanje i mere zaštite, Beograd, 2005.
34) Moustakis, F. Soft Security Threats in the New Europe: The Case of the Balkan Region, European Security, Taylor & Francis, 2004.

35) Muco, M, Corruption and Public Governance in Southeastern European Transition countries: the case of Albania, revised January 2000, достапно на: http://wiiwsv.wsr.ac.at/wiiwpup/muco.pdf

36) Petkan, I. Corruption, Contraband and Institutional Reform, PARI daily, 3 February 2003.

37) Shentov, O. Shaping a Common Security Agenda for South East Europe, труд презентиран на меѓународна конференција, Софија, септември 5-6, 2003.

38) The Guardian. Albanian Drug Barons Find Their Way Around the War, London, November 1, 1994.

39) The London Times, Kosovo is Mafia's heroin gateway to West, July 24, 1999.

40) United Nations Development Programme, Early Warning Report, Report No.2, November 2000. 25. Wyn, R. Transnational Organized Crime, Security, and the European Union, in (Allum, Feliaand Renate Siebert, Eds.), Organized Crime and the Challenge to Democracy, London: Routledge, 2003

41) Николоска, С., Методика на истражување на економско – финансискиот криминалитет, Ван Гог, Скопје, 2013

42) Нурединоска. Е. Саздевски, М. Ѓузелов, Б.. 2014. Извештај за процена на корупцијата во Македонија. Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, 2014

43) Папандреа, Д. 2013. Организираниот криминал и борбата против криминалот во Западен Балкан: Споредба со италијанскиот модел и практики. Општ преглед и перспективи за иднината. Споделување алтернативни практики за искористување на конфискуваните криминални средства (SAPUCCA)

44) Савона, Е.У., Перењето пари од страна на мафијата и италијанската легислатива, Безбедност, Скопје, 1994

45) Славевски Т. Организиран криминал и корупција, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр.1-2, Скопје 2006

46) Спирова, В., Меѓународен ден против злоупотреба и нелегална трговија со дрога, 26 јуни, Стојановска Б., Корупцијата во Македонија, битката со несоодветни средства

47) Стојановски, Т., Трговија со луѓе, Македонска ревија за казнено право и криминологија

48) Сулејманов, З., Криминална политика, Графохартија, Скопје 2001 год.

49) Трајковски, Г., Фази на процесот на перење пари, достапно на https://faktor.mk/fazi-naprotsesot-na-perene-pari (последно пристапено на 13.09.2018)

50) Тупанчески, Н., Кривичен Законик, интегрален текст- предговор, кратки објаснувања, регистер на поими, Скопје, 2015 година

51) Тупанчески, Н., Некои контрадикции поврзани со поимот „Злосторничко здружение“ – Зборник во чест на проф. д-р Ѓорѓи Марјановиќ.

Законски прописи

1. Закон за ратификација на Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал на ОН заедно со дополнителните протоколи, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.70 од 08.10.2004 година.,
2. Закон за јавно обвинителство, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.150/2007, бр.111/2008,
3. Закон за судовите, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.58/2006, 62/2006, 35/2008 и 150/2010,
4. Закон за полиција, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.114/2006 и 6/2009, Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“, бр.42/2014) и Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“, бр.116/2014)
5. Закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата, „Службен Весник на РМ“, бр.37/07
6. Закон за оружјето, „Службен Весник на Република Македонија“, бр.7/05 од 01.02.2005 година

Интернет литература:

1. http://bi.mk/shto-e-perenje-na-pari/

2. http://conventions.coe.int/Treaty/EN/Reports/Html/198.htm
3. http://www.cph.mk/ftp/Informativni%20i%20edukativni/2016/Megunaroden%20den%20protiv%20drogata%202016.pdf
4. http://www.emcdda.europa.eu/publications/eu-drugmarkets/2016/online/cannabis/trafficking-of-cannabis-in-europe_en
5. http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Megjunaroden%20pakt%20za%20gragjanskite%20i%20politickite%20prava%20na%20covekot%20i%20gragjaninot.pdf
6. http://www.fatf-gafi.org
7. http://www.fatfgafi.org/media/fatf/documents/recommendations/pdfs/FATF%20Recommendations%202012.pdf
8. http://www.gunpolicy.org/firearms/region/united-nations
9. http://www.interpol.int/public/thb/women/default.asp
10. http://www.slvesnik.com.mk/Issues/28970A8EDA90C64484DACDE5C30F10C3.pdf
11. http://www.sobranie.mk/2010-fcd3f1bb-e150-42dc-a54c-7741e9394da8-ns_article-potrebnoe-zasiluvanje-na-sorabotkata-vo-borbata-protiv-trgovijata-so-droga-4-11-10.nspx
12. http://www.ufr.gov.mk/?q=node/4
13. http://www.ufr.gov.mk/?q=node/8
14. http://www.ufr.gov.mk/files/docs/Vnatresna%20Organizacija.pdf
15. http://www.unodc.org/documents/treaties/UNTOC/Publications/TOC%20Convention/TOCebook-e.pdf
16. https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=XVIII-12c&chapter=18&lang=en
17. https://www.britannica.com/list/timeline-of-the-first-opium-war
18. https://www.britannica.com/list/timeline-of-the-second-opium-war-(arrow-war)
19. https://www.britannica.com/place/China/The-first-Opium-War-and-its-aftermath